СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 1993 година

Скопје, ноември 1993 година

**ДИСКУТАНТЕ НА 68-та СЕДНКЦА НА СОБРАНИТЕТО НА РЕПУБЛМКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4 ноември 1993 г.**

Дневен ред на стр.7

1. АНДОВ СТОЈАН - 6, 21, 37
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 44
з. АБДИ ФАИК - 56
4. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР - 50, 57, 59, 63, 64, 67, 68, 71, 95, 70
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 52
б. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР-5
7. ДИМИТРОВА РАТКА – 17, 22, 40, 41
8, ДАВЧЕВ САНДЕ-16
9. ЈОВАНОВ РИСТО - 45, 46, 46
10. ЈОВЧЕВСКИ 1ШЕТАН-54
11. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 60
12. КИРОВ ТАШКО - 57, 59
13. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - ЗО
14. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 16
15. КРСТШВСКИ ЗОРАН - 33
16. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 44
17. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 53
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 16, 64
19. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 30
20. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 75, 74, 77
21. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 65
22. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 68
23. ПЕТРОВ ТОДОР - 31, 32
24. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 80, 82, 83, 84
25. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 22, 34, 35, 37, 69
26. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 23
27. ПЕТРУШЕВСКИ БЛАГОЈА - 70
28 РАМАДАНИ ИСМЕТ - 62
29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 28, 47, 49, 51
30. СТАНКОВСКИ РИСТО-15
31. СПИРОВСКИ ИГОР(секретар на Собранието на РМ)
32. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 36, 37, 39
33. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 39
34. САДИКУ ФЕРИД - 70, 71
35. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 80
36. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 77
37. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 2, 20, 21, 25, 26, 60, 66, 72
38. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 4, 27, 31, 70, 76
39. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 66
40. ЏАМБАЗОВ - 55
41. ШАЌИРИ ХИСНИ - 72, 73

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирамм дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Пратениците Митко Анастасовски, Иван Иванов, Петар Горѓиев, Симон Наумовски , Благоја Чкатроски, Драги Фроздановски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

За денешната седница поканети се: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија, Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Ве известувам дека Сојузот на ловечките организации на Македонија за одгледување, заштита и ловење дивеч, кои во името на 10.000 избирачи го поднесе Предлогот за донесување на закон за ловот, со писмо од 14 октомври 1993 година истиот го повлече.

Пратениците Џеладин Мурати и Ешреф Алиу предлагаат на оваа седница да не се разгледуваат Предлогот за донесување закон за матичната евиденција, со Предлог на закон и Предлогот на закон за личната карта.

I/2.- ЈМ-ВБ

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Мислењето на Владата по овој предлог е следното. Владата смета дека овие закони треба да останат во дневниот ред на оваа седница и да се разгледуваат бидејќи аргументите кои се ставени во образложението зошто тие би требале да се повлечат, повикувањето на Законот за воедначена употреба на јазиците на националностите на ниво на различни сектори, на ниво на целата Република е воопшто неизвесно концепциски дали таков закон ќе биде донесен во Република Македонија во различни области кои покриваат сосема различни области не само поради тоа што нема таков пример воопшто , туку затоа што техниката и правната форма во која таков закон треба да се донесе ќе биде мошне проблематична. Воопшто не е извесно дали таков закон ќе биде донесен. Одлагањето повикувајќи се на ваков закон, на овие два закона ќе не доведе во следната ситуација да роковите кои би можеле најчесто се тие година дена од замена на старите лични карти во нови лични карти ги поминеме и дефинитивно на редовните избори кои би биле веројатно во ноември, или не знам кога истекува рокот следната година одиме повторно со нејасна ситуација во состојбата на личните карти, или нејасна состојба на ниво на граѓаните и нивното поседување и замена на нови лични карти. Тоа повторно ќе ги комплицира односите во образложувањето, во објаснувањето на претставниците на Република Македонија во странство зошто тој закон е повторно одложен и ќе се калкулира дека тука постои некоја друга волја освен повикувањето како што е во образложение на еден единствен закон. Од сите тие причини Владата смета дека тие закони со ова решение кое таа го нуди треба да останат во процедура на ова Собрание.

I/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на пратениците Џеладин Мурати и Ешреф Алиу го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака? (13 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? Констатирамм дека предлогот не е усвоен.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство предлага Собранието на Република Македонија да не расправа по Петицијата и кореспонденцијата на Здружението "Достоинство" од причини што ова здружение е невладина институција.

Истовремено, Комисијата укажува на потребата Владата на Република Македонија аналитички да ги согледа состојбите, да изготви и на Собранието да му достави Информација за политиката на заштитата на државјаните на Република Македонија од дискриминација во соседните земји.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (52 пратеника)

Дали има некој против? (6 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? ( Никој)

Констатирамм дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Шабан Превала предлага да се одложи расправата по Предлогот за донесување на закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја поради потребата од пошироки консултации и добивање на мислење од општините и Стопанската комора на Македонија.

Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за стопанство предлагаат Собранието да го претресе и усвои Предлогот за донесување на овој закон.

I/4.-

Кој е за предлогот на пратеникот Шабан Превала, молам да крене рака? (19 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирамм дека Предлогот не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Предлогот на законот за изменување на Законот за височината на стапката на затезната камата.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба од итно донесување на овој закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот аз височината на стапката на затезната камата последен пат е донесен минатата година во септември. Во тоа време имавме еден друг начин на утврдување на есконтната стапка на Народната банка на што се надоврзува и затезната камата, а во меѓувреме ние извршивме радикална реформа на девизниот к монетарниот систем и во тие рамки имаме со- сема нова ситуација во начинот на утврдување на есконтната стапка на Народната банка. Бидејќи тогаш таа стапка се движеше поспоро, беше пониска од стапката на инфлацијата , а имаше потреба затезната камата да се утврди во висина од 400% повеќе од есконтната стапка. Со оглед на изменетите околности дека есконтната стапка приближно ја прати и стапката на инфлацијата, дури е и поголема се јавува потреба да се ублажи оваа драстичност на висината на затезната камата и во Предлогот на законот Владата предлага наместо 400% таа стапка да биде 200% повеќе од есконтната стапка. Бидејќи веќе имаме во

јавноста меѓу стопанствениците и сите реакции на оваа висина на затезната камата, предлагаме овој закон по итна постапка да се донесе денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот на Владата Предлогот на законот за изменување на Законот за височината на стапката на затезната камата да се донесе по итна постапка? (65 пратеници)

Констатирамм дека е усвоен Предлогот на Владата.

Пратениците Александар Гештаковски, Драги Гроздановски, Зуди Емини, Тодор Петров и Гулистана Марковска предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката на стапката на придонесот за вработување за 199 3 година. Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да го образложи предлогот.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Пред се како овластени предлагачи се јавија група пратеници со цел да се надмине формално - правниот недостаток во однос на овластен предлагач бидејќи републичкиот завод за вработување не може да се појави како овластен предлагач и ние предлагаме оваа одлука и им сугерираме на пратениците да ја прифатат, да се расправа на оваа седница пред се од причини што постоечката стапка која е предвидена со одлука од ова Собрание не ги задоволува основните потреби на невработените лица во овој период . И низ една конструктивна расправа сметаме дека Парламентот ќе донесе одлука која ќе ги задоволи пред се потребите на невработените лица и економската моќ на стопанството, а во предложената одлука имате поширoко образложение за целите и доставено Ви е и мислење од Владата која во основа го поддржува зголемувањето

на стапката од 08 на 1%. Затоа предлагаме да се внесе во дневниот ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Тие имаат и позитивно мислење испратено, па можете само тоа да го наведете . Јас формално морам да имам согласност на Владата овде да се стави на дневен ред, или какво е мислењето, сеедно.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата се согласува да се разгледа овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Молам, кој е за предлогот да крене рака? (48 пратеници)

Дали има некој против? (тројца)

Дали некој се воздржува? (12)

Констатирамм дека предлогот е усвоен.

Во врска со дописот на Општинскиот суд Скопје II во кој го известува Собранието дека тој само го препратил барањето на судијата Ристо Маринчески. Ве известувам дека одобрение од Собранието во случај да водат кривична постапка, или да одредат притвор за пратеник и судии што уживаат имунитет можат да бараат само органите надлежни за водење на постапката независно од тоа дали тоа го прават по службена должност или инсистирање на носителите на овие функции. Поради тоа називот на точката од дневниот ред не отстапува од природата на одлучување на Собранието за имунитетите права на овие функции дека нејзината промена нема суштинско значење. Поради тоа предлагам Собранието да работи по називот на точката што е утврдена во дневниот ред.

I/7.-

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија;

2. Предлог за донесување на закон за внатрешни работи;

3. Предлог за донесување на закон за Агенцијата за разузнавање;

4. Предлог за донесување на закон за склучување и извршување на меѓународни договори;

5. Предлог за донесување на закон за стандардизација;

6. Предлог за донесување на закон за контрола на предмети од скапоцен и метали;

7. Предлог за донесување на закон за мерни единици и мерила;

8. Предлог за донесување на закон за процесната постапка;

9. Предлог за донесување на закон за извршната постапка;

10. Предлог за донесување на закон за поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја;

11. Предлог за донесување на закон за работните односи;

12. Предлог за донесување на закон за тутунот;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народно ослободителната војна;

I/8.-

14. Предлог за донесување на закон за обележување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на сојузничките и други странски армии на територијата на Република Македонија;

15. Нацрт на закон за пензиското и инвалидското осигурување;

16. Предлог за донесување на закон за грбот на Република Македонија, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија,со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за правата на носителите на "Партизанска споменица 1941" на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската национално ослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО со Предлог на закон;

20. Предлог на донесување на закон за преименување на името на општина Титов Велес во Велес, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за претворање на краткорочните кредити од примарната емисија во долгорочни кредити,со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за учество на Република Македонија во финансирањето на изградбата на спортската сала "Македонија" во Прилеп, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствена исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба,со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Тодор Петров;

28. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование, со Предлог на закон, поднесен од пратеникот Тодор Петров;

29. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, со Предлог на закон, поднесен од Владата на Република Македонија;

30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за насоченото образование, со Предлог на закон, поднесен од Владата на Република Македонија;

31. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството,со Предлог на закон ("Службен весник на СРМ" број 37/79);

I/10.-

32. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, со Предлог -на закон, ("Службен лист на СФРЈ" број 22/78 и 18/88);

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

34. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на населението

од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон;

35. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за условите за земање и пресадување на делови од човечкото тело, со Предлог на закон;

36. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за земање и пресадување делови од човековото тело заради лекување, со Предлог на закон;

37. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоците, со Предлог

38. Предлог за донесувања на закон за личното име, со Предлог на закон;

39. Предлог за донесување на закон за матична евиденција, со Предлог на закон;

40. Предлог на закон за личната карта;

41. Предлог на закон за изменување на Законот за височината на стапката на затезната камата;

42. Предлог на закон за семе и саден материјал, земјоделски и шумски растенија;

I/11.-

43. Предлог на закон за правата на воените инвалиди на лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци;

44. Предлог на закон за научноистражувачка дејност;

45. Предлог на закон за заштита на лични податоци;

46. Предлог на декларација за осуда на недолжните жртви на монтираните политички процеси и за рехабилитација на осудуваните лица за самобитноста на македонскиот народ и идеите на ВМРО;

47. Барање за давање на автентично толкување на член 80 од Законот за процесна постапка и член 1 на Законот за јавното правобранителство, поднесено од Републичкиот одбор на синдикатот на работниците на управата, правосудството, општествените организации и здруженија на граѓаните на Македонија;

48. Барање за давање на.....за толкување на член 11 од Законот ..... промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92), поднесено од О.П. "Максигнал"- Скопје;

49. Барање за давање на автентично толкување поднесено од Одделението за девизна инспекција, при Министерството за финансии;

50. Барање за давање на автентично толкување на член 15 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92) поднесено од "Економски центар" Скопје;

I/12.-

51. Барање за давање на автентично толкување на член 131 од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на РМ" број 31/93), поднесено од Б.Б. "Инвест банка" А.Д. Белград - Деловна единица - Скопје;

52. Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 3 од Законот за данокот на промет на производи и услуги ("Службен весник на РМ" број 34/92 и 3/93), поднесено од Претпријатието за внатрешна и надворешна трговија и производство "БРОСС-КО" - Скопје;

53. Барање за давање на автентично толкување на член 42 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" број 36/90 и 32/91), поднесено од А.Д. "Галеб" - Охрид;

54. Барање за давање на автентично толкување на одредбите на член 15 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република " Македонија, поднесено од Окружниот суд - Скопје;

55. Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членство во Организацијата на Северно - атланскиот пакт НАТО;

56. Предлог на одлука за основање па пратеничка група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната унија;

57. Предлог на одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица -Злетовица";

58. Предлог на одлука за припојување на Заводот за рехабилитација за слух, говор и глас Скопје кон Медицинскиот факултет - ООЗТ Клиники- Скопје;

59. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 април 1993 година;

I/13.-

60. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот - добивката за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 април 199 3 година;

61. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигуреници во доброволно пензиско и инвалидско осигурување;

62. Предлог на одлука за изменување на Одлуката на стапката на придонесот за вработување за 1993 година;

63. Барање за давање одобрение за водење на кривична постапка против Ристо Маринчески судија на Окружниот стопански суд - Скопје;

64. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Кинотеката на Република Македонија;

65. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Работната организација за производство на филмови “Вардар филм” - Скопје;

66. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

67. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија "Свети Климент Охрид- ски" - Скопје;

68. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за ликовна уметност - Скопје;

I/14.-

69. Предлог на одлука за именување членови н^"Комисијата за изготвување предлог за именување директор на "Педагошката академија "Свети Климент Охридски" - Скопје;

70. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;

71. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на радидифузното претпријатие Македонска радио-телевизија;

72. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

73. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија;

74. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисии те на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници

75. Предлог на одлука за.... . ност на Статутарната одлука за изменување на статутот на Центарот за социјална работа - Дебар;

76. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за и мени и дополни на Статутот на работната организација за одмор и рекреација на децата "Младост" - Скопје;

77. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Комбинираната детска уста- нова "Бамби" - Македонска Каменица.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, јас би имал само една процедурална забелешка не за расправа по дневниот ред.

Бидејќи овој предлог на дневен ред што на нас пратениците ни беше доставен на маса во однос на тој што го читаше претседателот настанаа доста измени и 1 во редоследот па не беше можно да се следи добро што е вистински ставено на дневен ред, јас би го замолил претседателот стручните служби ако е можно да ни достават нов пречистен текст на дневен ред за да можеме да отвориме расправа по него, бидејќи сега не бевме во состојба да следиме која точка е кога, дури некои точки јас не успеава да забележам дали се во овој дневен ред или не. Затоа барам пауза од пет минути, да се сними дневниот ред и да ни се достави пречистен дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 10 минути.

Ве молам да се направи пречистен текст на дневниот ред и да се подели на пратениците.

По паузата седницата продолжи со работа во 13,30 часот.

Ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Текстот на пречистениот дневен ред ви е поделен.

Дали има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

Има збор господинот Санде Давчев.

II/2.-

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Предлагам точката 41 од Предлогот на законот за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата да биде точка број 2, со што би се поместиле сите точки наназад. Ова го предлагам бидејќи сегашната стапка на затезната камата е нереално висока и за должниците секој ден е битен. Така да ако овој закон го ставиме како втора точка после осум дена би стапил во сила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова е за редоследот на точките, не за измена и дополнување на дневниот ред. За тоа ќе се изјасневме подоцна.

Дали уште некој друг бара збор?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, барам да се дополни дневниот ред со формирање на анкетната комисија. Иако на Собранието беше предложено да."се донесе одлука меѓутоа се уште не е донесена одлуката на Собранието, а тоа ако се така одолговлечеше ќе изгуби таа од значението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира ние тоа сега не можеме да го дадеме на изјаснување затоа што немаме предлог на состав на Комисијата. Но, го потсетуваме претседателот за избори и именувања да ја изведе таа постапка и на првата наредна седница да ни достават предлог.

Има збор господинот Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Мислам дека е корисно да се стави оваа точка на дневен ред. Комисијата непосредно се состана по претходната седница каде се

создаде обврска членовите да се утврдат. Утврдени се четири члена и претседателот, потребни се уште тројца членови за да се комплетира Комисијата. Сметам ако се стави на дневен ред оваа точка, прва пауза од седницата ние можеме да ја комплетираме оваа точка на дневен ред, сметајќи ако Собранието смета дека од настанот треба побргу да се реагира, корисно е да се даде на изјаснување, да влезе во дневен ред оваа точка, а како што реков на првата пауза од оваа седница Комисијата се состане и ќе достави предлог одлука за привремената анкетна комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Комисијата не известува дека во текот на седницата тие ќе дадат акт овде по кој може Собранието после да расправа и да одлучува.

Дали се согласуваме оваа точка да се внесе во дневниот ред? (Се согласуваме).

Има збор госпоѓа Ратка Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:** (Прилог)

II/4.-

ПОЧИТУВАНИ ПРАТЕНИЦИ, ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАТЕЛЕ,

ГО КОРИСТАМ ПРАВОТО ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО ЧЛЕН 99 СПРЕМА КОЈ ПРАТЕНИКОТ ИМА ПРАВО НА САМАТА СЕДНИЦА ДА ПРЕДЛОЖИ ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД СО НОВА ТОЧКА И ДА ЈА ОБРАЗЛОЖИ ИТНОСТА НА ИСТАТА.

МОЈАТА ТЕМА Е СЛЕДНАТА:

"ИНФОРМАЦИЈА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ОДНОСНО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО ЗА АКТИВНОСТИТЕ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА БИВША ЈУГОСЛАВИЈА И ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ПРЕВЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ СПРЕМА ИСТАТА ВО СВЕТЛИНА НА НЕОФИЦИЈАЛНИТЕ РАЗГОВОРИ МЕЃУ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПДП-НДП И ПРЕТСТАВНИКОТ НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА БИВША ЈУГОСЛАВИЈА ГЕРД АРЕНС.

ДОЗВОЛЕТЕ ДА ЈА ОБРАЗЛОЖАМ ИТНОСТА НА ОВАА ТЕМА.

ПРЕДМЕТОТ НА РАЗГОВОРИТЕ МЕЃУ ВЛАДАТА, ПДП-НДП И ГЕРД АРЕНС Е ПРЕМНОГУ ГОЛЕМА И ПРЕМНОГУ СУШТИНСКА ЗА ИДНИНАТА НА НАШАТА ДРЖАВА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ДА МОЖЕ ТИЕ ТОЛКУ ДОЛГО ДА СЕ ОДВИВААТ ВО ТАЈНОСТ И МЕЃУ ТАКОВ ТЕСЕН КРУГ НА УЧЕСНИЦИ.

КОЈ СЕ ЗАНИМАВА ДЕНЕСКА СО АНАЛИЗИ ЗА ОДНОСНИОТ ПРОБЛЕМ.

НЕМА ТИМ, НЕМА ГРУПА, НИТУ ИНСТИТУЦИЈА КОЈА ТОА ГО ПРАВИ.

СЕ ДОБИВА ВПЕЧАТОК ДЕКА Е ПРОПУШТЕНА НА ЧИСТА ПРАГМА НА РЕШАВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМИТЕ ОД ДЕНЕС ЗА УТРЕ. НЕОПХОДНО Е ТИЕ ДА ГИ ПРЕВЗЕМАТ ТИМ НА СПЕЦИЈАЛИСТИ ДОБРИ ПОЗНАВАЧИ НА ОВОЈ ПРОБЛЕМ КОИ БИ ИЗГОТВУВАЛЕ ТЕМЕЛНИ АНАЛИЗИ И НА ОСНОВА НА КОИ БИ СЕ ИЗНАШЛО ГЛОБАЛНО РЕШЕНИЕ.

Во моментот што е најважно и на што имаме право како Собрание е да побараме од Владата прецизни толкувања по низа теми и неразјаснети прашања околу меѓународната конференција за Бивша Југославија.

За нова фаза или нова меѓународна конференција за Бивша Југославија ние чувме јасен став од страна на челниците на нашата држава. Тој е негативен.

Но околу поранешната конференција меѓународна за Југославија остануваат многу теми и неразјаснети нешта.

Кои се тие:

1. Дали Конференцијата се растури и сите проблеми освен сукцесијата (наследството) поминаа во рацете на Обединетите Нации или таа сеуште трае.

2. Ако трае, кои се нашите обврски и дали меѓу нив спаѓа и прифаќањето на надворешен партнер по прашањата од внатрешно уредување

3. Ако сме прифатиле такво нешто, кој си го земал тоа право и врз основа на каква платформа и од кого изработена.

4. Најважното. Каков е ставот на Владата на Република Македонија денеска спрема Хашката конференција. Таа беше предложена но не и донесена од страна на веќе распуштената меѓународна конференција за Бивша Југославија заради тоа што Србија не ја потпиша, а беше прифатена од страна на Собранието на Република Македонија како трета точка во рамките на Декларацијата за независност. И особено каков е ставот на Владата сега кон шесте точки на специјалниот статут на малцинствата што ги содржи оваа конвенција, а за кои ни беше дадена информација содржана во самиот документ како фуснота во моментот на донесување дека важат само за србите во Република Хрватска.

Бидејќи со ова се врзани многу прашања од областа на образованието, одбраната, скоро од сите области, без исклучок од општественото живеење и како најважно е еден многу голем фактор за меѓусебната недоверба и збрка што се однесува до свеста на целиот наш народ, практично ова прашање е во основата и на честите блокади на Собранието.

Длабоко сум убедена дека навременото отворање и решавање на овие проблеми е многу поисправно одошто нивното предолго задушување.

Молам да се стави на гласање мојот предлог и ги молам почитуваните колеги пратеници за момент да заборават кој на која партија припаѓа и да гласаат по оваа точка по свое сопствено убедување и совест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, претставник на Владата да го каже мислењето на Владата по итноста и суштината.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

За Владата е неспорно да ја изготви оваа информација. Според тоа од страна на Владата ќе биде изготвена Информација а дали таа информација ќе договори на барањата и точките кои овде во образложението на итноста беа наведени тоа понатаму ќе се оцени, меѓутоа Владата ја прифати обврската да изготви информација за ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата има Информација, така?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Има и ќе биде доставена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата има информација така?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата има информација и ќе биде доставена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, треба само точно да се прецизира насловот на точката. Јас, господине министре сфатив дека вие прифативте да се уврсти во дневниот ред, така? Владата прифаќа тоа да се уврсти. Тоа треба да го прецизираме како точно гласи, точката за да можеме да ја ставиме на дневен ред. Слушам дека вие дадовте писмено. Морам јас да кажам и дајте ми каде е тоа дадено написмено, да знаат луѓето овде што ќе заклучиме. (точката која беше дадена на писмен начин се наоѓа кај стенографот кој моментално излезе да го отчука стенограмот).

Ве молам, дали може господине Фрчковски, да го чуеме насловот на Вашата информација, да ја предложиме, веројатно се поклопува со намерата. Овде мора да се знае што се уврстува во дневниот ред.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, ние во оваа област има неколку информации. Има став за Владата околу конференцијата за бивша Југославија. Новата иницијатива, исто така има посебна информација која е и инаку доставена околу разговорите со господинот Герт Аренс во рамките на суд под групата на Македонија. Според тоа, бидејќи овој интерес ги опфаќа двете области, ќе се направи синтетичка информација која ќе одговори на барањето на точно формулирано барање на оваа точка во дневниот ред. Ние ќе ја изготвиме таа информација. Како ќе се формулира тоа барање е покриено со веќе наши информации, ќе изготвиме синтетичка информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓо Димитрова, Ве молам, дојдете ве молам, бидејќи Собранието мора да знае што влегува во дневен ред.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Формулацијата на точката е следната. Информација на Владата на РМ за активностите произлезени од меѓународната конференција за бивша Југославија и прецизен опис на преземените обврски спрема истата во светлина на неофицијалните разговори меѓу претставниците на Владата на РМ , на партиите ПДП-НДП и претставникот на Меѓународната конференција на бивша Југославија Герт Аренс.

Гледам дека реагирате, ако се сложувате да отпадне последниот дел, да го скратиме на пола и да дојде Информација на Владата на РМ за активностите произлезени од меѓународната конференција за бивша Југославија и прецизен опис на преземените обврски према истата.

Кога веќе станав, ако може да ми дадете збор да кажам нешто процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте сега, дојдовте ова да го предложите, ова го предлагате.-

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Добро, после ако може ќе замолам за процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Владата овој наслов го прифаќа да се уврсти на дневниот ред.

Молам, кој е за нека крене рака?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали предлагате расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не по ова, ќе отвориме кога ќе дојде на дневен ред. Не можеме за тоа расправа, секој си предлага свое, само Владата се прашува.

Кој е за молам нека крене рака?

Шеесет и еден пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирамм дека овој предлог е прифатен.

Дали уште има предлози за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, согласно член 99 од Деловникот за работа на Собранието на РМ , предлагам како дополнување на дневниот ред за 68-та седница на Собранието , да се вредат уште две точки на дневниот ред.

Првата е Предлог декларација за политичка рехабилитација на сите оние лица кои биле политички прогонувани и осудувани за борба за национална слобода на македонскиот народ, самостојна Македонска држава, човекови права и граѓански слободи.

Образложение, потребата од донесување на политичка декларација, со која би се рехабилитирале сите лица кои со своето делување и работа се залагале за национална слобода, самостојна Македонска држава, почитување и здобивање на човековите права и слободи е неопходно што Собранието ,Уставот на РМ содржи одредби со кои се пропишува дека РМ е демократска држава заснована врз демократски принципи и дека една третина од Уставот е посветен на правата и слободите на човекот и граѓанинот. А неколку деценискотo живеење на просторот на РМ делувале многубројни дејци, обични граѓани кои со своето делување и работа се залагале за самостојна македонска држава, за национална слобода, за здобивање на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Втората точка, во прилог се поднесува и декларација, која ќе биде и непосредно поделена до сите пратеници . Втората точка, согласно

член 76, став 1 од Уставот на РМ и член 252 од Деловникот на Собранието на РМ група пратеници предлагаат Собранието на РМ да основа повремена собраниска комисија за разгледување на иницијативата за поодделна промена на имињата на градовите, улиците и јавните установи во РМ.

Образложение, ваквиот предлог сметаме дека е неопходен по донесувањето на Декларацијата за политичка рехабилитација, која на соодветен начин би превреднувал некои имиња од нашата историја и која веројатно би се одразила и во иницијативи и во делумна промена на еден број на градови, улици и јавни институции. Според наше мислење тоа би требало да се изведе на воедначен начин и врз воедначени принципи во РМ , за да понатаму во законска процедура и се реализира таквата промена.

Согласно Деловникот на Собранието на РМ, Собранието на РМ согласно член 99 од Деловникот на Собранието, овој предлог бараме да го стави на дневниот ред на 68-та седница.

Едновремено предлагаме Собранието да усвои заклучок по повод расправата по овој предлог со кој Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ќе се задолжи да изготви предлог одлука во која ќе се наведе надлежноста и составот на повремената собраниска комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да одиме на ред.

Прво, е предложена декларација за политичка рехабилитација на политички прогонувани и осудувани за идеите за самобитна и независна македонска држава и борци за човекови и граѓански права. Молам, мислење на Владата .

III/5

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата на РМ ја поддржува оваа иницијатива и таа смета, имено, дека заедно со иницијативата на Владата доставена до парламентот пред 3-4 месеци,. со предлогот на формирање комисија за расправање со таканаречениот проблем на досиејата со оваа Декларација и со еден круг на прашања, кои се врзани за превреднување на некои личности од нашата историја како пакет треба да се разреши проблемот кој проблемот или условно да речеме една тема, која секогаш била присутна и секогаш е присутна во т.н. пост комунистички општества околу превреднување на нивната историја во рамките и на темелите на кои парламентарната демократија во нив наново се заснова. Од тој аспект Владата ја поддржува давањето на декларацијата на дневен ред на седницата на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот за Декларацијата, да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Шеесет и два пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (6)

Констатирамм дека предлогот е усвоен.

Молам ве потсетувам кај вториот предлог тој не е во форма да може сега да биде на дневен ред. Тој треба да биде одлука за составот на таквата комисија. Тоа е само за основање, но нема да се основа сега. Значи, составот денес не се утврдува. Молам, само за основање.

Се предлага одлука за основање на повремена комисија за преименување на градови, улици и јавни институции.

Молам претставникот на Владата да се изјасни.

III/6

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата ја прифаќа оваа Инцијатива и таа и сама претходно иницираше слична постапка, задржувајќи ги законските нивои на решавање на промената на споменатите проблеми, меѓутоа, добро е во Собранието да има комисија која воедначено, на исти начела има еднаков став за овој процес на територијата на цела РМ . Оттаму, ја прифаќаме иницијативата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот, нека крене рака?

(пратениците креваат рака)

Шеесет пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање (3)

Констатирамм дека и овој предлог е усвоен,.

Дали има уште некој предлог, за дополна и измена?

За збор се јави господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници,
пред да го кажам мојот предлог за дополнување на дневниот ред, сакам да искажам една процедурална забелешка до претседателот на Собранието. Апелирам да овозможи присуство за време на пратеничките прашања на комплетната Влада овде пред нас. Зошто, стана веќе обичај пратеничките прашања Владата на елегантен начин да ги избегнува со неприсуствување овде на седниците кога се поставуваат пратеничките прашања и затоа барам од претседателот на Собранието за време на процедурата за одржувањето на пратеничките прашања да ни овозможи присуство на комплетната Влада.

Согласно член 99 од Деловникот за работа на Собранието, а со оглед на обемноста на дневниот ред, сакам да предложам една точка која што беше ставена на дневниот ред на 51-та седница, ако не се

лажам, но сега јас очекував дека ќе ја видам тука, бидејќи голем дел од тие две точки што беа ставени на тие седници кои што беа прекинати и непродолжени, 41,51. 53-та итн. јас очекував дека и таа точка ќе ја видам денеска, но ја нема. Затоа предлагам да ја изгласаме, бидејќи еднаш сме ја изгласале, кога сме го утврдувале дневниот ред на 51-та седница, а исто тогаш на мој предлог беше ставена таа точка на дневен ред. Имено, барам да ни биде доставена Информација од Владата околу тоа кои пратеници, министри од старата, од новата Влада ја злоупотребиле својата положба и си ги подигнале своите заробени девизни заштеди во време кога обичните граѓани немо- желе тоа да го сторат.

Факт е дека, бидејќи голем дел од новините во врска со ова пишуваа, факт е дека поедини пратеници, ако не се лажам тоа беше неделникот Пулс, пратеникот Љубисав Иванов од Кратово каде што видовме дека си ја искористиле својата положба и си ги подигнале своите девизни заштеди. Затоа, бидејќи оваа точка беше ставена еднаш на дневен ред барам денес повторно да биде ставена на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве мола, ова веројатно значи дека оваа иста точка од 51-та седница предлагачот ја повлекува, а овде ја предлага. Не може да биде во двете седници. Значи, ја повлекувате од тогаш, а сега овде ја предлагате.

Молам, еве имаме дополнителен предлог, претставник на Владата да си каже мислење. Мислам дека тие имаа една информација.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прифаќа Владата точката да се пренесе на 68-та седница .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот господинот Пановски , нека крене рака?

Седумдесет и шест пратеници гласаа за

Дали е некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирамм дека овој предлог се уврстува во дневниот ред.

Ве молам, за другото прашање кое не е предлог за дневен ред, туку како да тече седницата беше од господинот Пановски во врска со пратеничките прашања. Фактички службата веќе интервенираше претходно повеќе министри да дојдат и очекуваме да дојдат кога ќе минеме сега на пратеничките прашања.

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, му предлагам на Собранието 18-та предложена точка, односно Предлог за донесување на закон за правата на носителите на партизанска споменица од 1941 година, на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската национална ослободителна и револуционерна борба од 1936 до 1939 година, со Предлог на закон да се симне од дневниот ред поради следните причини:

Мислам дека дел од насловот на овој закон не одговара на историската вистина, а тоа е Шпанската национално ослободителна и револуционерна војна. Мислам како држава можеме да имаме проблеми со Шпанското кралство од проста причина што во цел свет историски е познато дека се водеше Шпанска граѓанска војна односно десните и левите така да парафразирам водеа една граѓанска војна, а не национално ослободителна војна. Шпанија не беше поробена, колку што знам во долгата своја историја, освен од 1200-та до 1400-та година од Арапите. Понатаму беше цело време независна држава. Јас не знам против кого водела национална ослободителна војна. Затоа, мислам

дека насловот на законот не соодветствува со историските вистини. Мислам дека како држава не смее да си дозволиме да се работи за една европска држава, да парафразираме по однос на нивната, ќе речам и светската историја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, ова е предлог, а точката е по предлог на Владата. Тоа треба да го имаме предвид и не ми е потребно мислеше на Владата бидејќи си дала предлог.

Молам, кој е за предлогот на господинот Стоиле Стојков нека крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дваесет и пет пратеници гласаа за.

Според тоа, овој предлог не е усвоен .

За збор се јави госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници со оглед на тоа што оваа седница очигледно ќе биде долготрајна, не знам дали историска по своите одлуки, меѓутоа, голем дел од некои законски решенија од други седници се префрлија на денешната, предлагам на денешната седница да биде уврстен и законот за судовите од проста причина што постојано се вршат некои малверзации за тоа кој ќе го гласа, кој нема да го изгласа, бидејќи расправата по истиот е завршена, пред- лагам да се стави на дневен ред за да се види дали Собранието е спремно да донесе таков закон или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Укажувам дека тоа може да го предложи само Владата, а и не може веќе, затоа што на таа седница расправата е завршена, останало само гласањето. Не може пратеник да дава такви предлози.

Дали има уште некој предлог?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, бидејќи на минатите седници немав можност од објективни причини да присуствувам на седница, не можев да присуствувам, имав мој предлог на закон за изменување на Законот за данок на промет на недвижности и права, со Предлог на закон, а бидејќи тогаш без мое присуство беше симнат од дневен ред или одложен, молам истиот овој Предлог на закон да биде поставен на дневен ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да слушнеме мислење на Владата.

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата смета дека не е целесообразно овој закон да биде ставен на дневен ред од причини што законите од областа на даночниот систем се во последна фаза и овие денови ќе бидат пуштени во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на г-дин Горѓи Котевски, молам да крене рака?

Дваесет и шест пратеници гласаа за.

Констатирамм дека овој предлог не е усвоен.

Дали има уште некој предлог во врска со дневниот ред?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да го формулирам прво како процедурално прашање, барајќи одговор од претседателот, имајќи го предвид предложениот дневен ред за оваа седница.

Дали може два закони со ист наслов, ако и двата се однесуваат на иста материја, но се од различни предлагачи, да се стават на иста седница како посебни точки на дневниот ред?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлозите што ги даваат предлагачите зависат само од нив, а претседателот и Претседателството немаат право да навлегуваат во содржината на законите и во степенот на стручноста на предлозите кои овде се даваат, затоа што нема право Претседателството да дава квалификации на предлозите кои се дадени. Од таму, доколку тие се навистина многу слични, едниот од предлагачите може да изјави дека го повлекува и своите ставови во законот ќе си ги даде како амандмани на другиот. Тоа е единствена можност, а ако издржат предлагачите на

своите предлози тогаш мора да бидат уврстени т.е. јас морам да предложам да бидат уврстени, а како ќе одлучи Собранието тоа е друга работа.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Би сакал Собранието без претрес да се изјасни по следниот предлог:

Доколку од два и повеќе овластени предлагачи, утврдени со Уставот, се поднесат два или повеќе закони со ист наслов и содржина која се однесува на иста материја за некоја од наредните седници, Собранието во постапката како основен закон на првата наредна седница го разгледува Предлогот за донесување на закон поднесен прв од овластен предлагач.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Петнаесет пратеници гласаа за.

Констатирамм дека овој предлог не е усвоен.

Дали има други предлози? (нема).

Бидејќи повеќе предлози, Ве известувам дека е поделен овде Извештај од седницата на ЗПК на Собранието на РМ, одржана на 4 ноември 1993 година.

Законодавно - правната комисија му предлага на Собранието да ја одложи расправата по Барањето за давање автентично толкување на член 15 од Законот за данокот на промет на производи и услуги, поднесено од Економскиот центар - Скопје, за наредната седница.

Исто така, предлагам да се одложи расправата по Барањето за давање автентично толкување на член 131 од Законот за банките и штедилниците, поднесено од Инвест-банка од Белград, Деловна единица Скопје, за наредната седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Седумдесет и два пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирамм дека овие предлози од ЗПК се усвоени.

Дали има уште предлози?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата за политички систем, расправајќи по Предлогот за донесување на закон за преименување на името на општина Титов Велес во Велес, со Предлог на закон, предложи оваа точка да се одложи.

Тој Извештај не Ви е поделен и затоа јас реагирав, а при- чините се следните:

Комисијата сметаше дека има потреба од донесување на закон од причините кои предлагачот ги наведува за промената на името, меѓутоа, сметаше дека при тоа треба да се обезбеди став односно мислење согласно член 115 од Уставот на РМ, кои ги уредува прашањата за положбата и улогата на локалната самоуправа и правата на граѓаните, да го има притоа и мислењето на граѓаните , односно, на Собранието на општината Титов Велес за ова прашање.

Бидејќи тој Извештај го нема, молам Собранието да се изјасни

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде е даден предлог таа точка да не се уврсти на дневен ред

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Четириесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Дваесет и пет пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Тројца пратеници се воздржаа од гласање.

IV/5

Констатирамм дека овој предлог е усвоен.

Дали има други предлози?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам поЈаснување од предлагачот на дневниот ред по точката 63 - Барање на Општинскиот суд Скопје II за даваше одобрение за водење кривична постапка против Ристо Малинчевски, судија на Окружниот стопански суд - Скопје, за да можам да се изјаснам за тоа дали точката да биде на дневен ред или не од следните причини.

Колку што знам, Собранието може да одлучува за одземаше или неодземање на имунитетот на оние кои го поседуваат, случајот со господинот Маринчевски е таков, а додека ние на дневен ред имаме точка која не гласи дека се работи за одземање на имунитет, туку за давање одобрение за водење кривична постапка. Барам појаснување дали јас би можел како пратеник да се изјаснувам дали против некого треба да се води кривична постапка или треба да се изјаснувам дали треба да се одземе имунитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е фактички исто. Така ми е објаснето од стручњацитe овде дека тоа е токму тоа, така е формулирано. Собранието одлучува се разбира само за имунитетот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека ниту сакам ниту имам овластување да се впуштам во расправа за давање одобрение за водење на кривична постапка барам од оваа седница на дневниот ред под точката 63 или предлагачот да го преформулира барањето за одземање на имунитет, доколку е вака, јас нема да го гласам. Доколку се работи за исто, нека се преформулира. Мислам дека пратениците и Парламентот како институција се доведуваат во една незавидна ситуација.

Ќе го замолиме секретарот на Собранието да даде едно стручно објаснување, ништо повеќе.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Имунитетот подразбира дека против носителот на одредени функции кои што го уживаат имунитетот не може - зависи како се решенијата, сега не зборувам за тоа - да се води некаде постапка, да се одобрува притвор без одобрение на Собранието. Во тоа е работата. Имунитетот постои ако Собранието одлучува за давање одобрение или не давање одобрение. Друго е дали ќе одлучи Собранието дали во овие ситуации треба да даде , не треба , или има услови или нема услови за тоа. Според тоа, имунитетот се сведува -на тоа дека никој не може од тие што имаат имунитет да бидат притворани без одобрение на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи го дадовме тоа појаснување, а предлогот на г-динот Поповски е - Бидејќи очигледно не го прифаќа тоа појаснување - оваа точка да се изостави од дневниот ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ :**

Јас не сум предлагач на оваа точка на дневниот ред и затоа го искажувам мојот став, или предлагачот да ја профомулира или јас ќе гласам против, затоа што не сакам да се впуштам во процес на давање одобрение за водење на кривична постапка. Ако е тоа исто, тогаш зошто пишуваме во законите и Уставот - одземање имунитет , а не пишуваме давање овластување за водење на кривична постапка. Од тие причини сметам дека ако треба да остане точката на дневниот ред, заради дигнитетот на Собранието треба да остане со преформулиран наслов,

да не се доведува Собранието во ситуација да употребува поинакви зборови за работа за која имаме точно определен уставен и законски термин, а тоа е да се одземе имунитет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Барањето е од судот, господа. Мора да се донесе одлука по тоа, бидејќи ние сме од судот известени за таа работа. (некои од пратениците бараат збор). Не отворам претрес по тоа. Секој што има од пратениците да си предложи си предлага. Не отвораме претрес, не можеме да отвориме претрес по тоа. Ако отвораме претрес, друго е Правните и другите аспекти ќе се дадат во расправата, тогаш кога ќе отвориме претрес и немојте така. Треба да се држиме до тоа што е ред овде.

Ако има предлог да се преформулира, треба да си го даде тој што го предлага предлогот да се преформулира, ако нема нема, а кој како ќе гласа тоа е негова работа. Тоа е во состав на целиот дневен ред. Бидејќи нема предлог како да се преформулира, останува стариот текст кој е тука.

(г-динот Стефковски, бара збор, на што претседателот Стојан Андов вели:)

Ве молам, не отвораме расправа, г-дине Стефковски. Прво да се изјасниме по ова.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

По истата оваа можност што ја дадовте , ако предлагачот нешто увиди, може да направи одредена корекција. Јас го користам тоа право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате за тоа право, г-дине Стефковски.....

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Се работи во врска со дневниот ред, за точка каде што ние сме предлагачи и затоа во име на предлагачите можам да пред- ложам исправка или било што.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сте вие предлагачи на оваа точка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не зборувам за оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, прво да ја расправиме оваа точка.

Според тоа, бидејќи нема предлог да се симне од дневен ред, останува каква е. Тоа е барање од Судот и јас го ставам овде. Јас прочитав објаснуваше на почетокот овде.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас токму заради тоа се обратив, што ние сме известени со писмо од Општинскиот суд Скопје, датирано од 2 овој месец, во кое доследно пишува: Се бара интервенција во дневниот ред на 68-та седница на Собранието на РМ по точката - Барање на Општинскиот суд Скопје II - Скопје за одземање на имунитетот на судијата на Окружниот стопански суд Ристо Маринчевски за водење на кривична постапка. Значи, самиот суд бара да се преформулира ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние овде објаснивме на почетокот, ако Судот не бара ништо, тогаш нема да оди на дневен ред овде и тогаш тој се соочува со постојниот имунитет на кој се повикал судијата и не може да води ништо

понатаму. Затоа, судот се обраќа овде. Само институции може да побараат , тоа не*може да го бара поединецот на кого му припаѓа имунитетот. Тој си го бара од органите таму, пред ниВ го истакнува, а не од Собранието. Од Собранието само институциите може да бараат и затоа тоа е така формулирано како што е.

Бидејќи нема предлог за симнување.

Има збор г-динот Стефковски по други точки.

V/1/CJ/л ј

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Како предлагач на сега уврстената точка 4б-го прецизиран насловот, имено насловот ќе гласи Предлог на декларација за осуден на монтираните политички процеси и за рехабилитацијата на осудуваните лица за самобитноста на македонскиот народ и идеите на ВМРО".

**СТОЈАН АНДОВ:**

4 6-та точка, господине Стефковски јас ве молам уште еднаш, да го прочитате, не верувам оти можеме да го опфатиме, да го следиме сегашниот предлог и да го споредиме, повелете.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Отпаѓаат зборовите: "не должните жртви".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јасно. Оваа измена предлагачот си ја прецизира.

Дали има нешто друго (нема ништо).

Бидејќи нема натаму предлози (пратеникот Ратка Димитрова до место бара нешто во врска со редоследот).Да го утврдиме ние прво дневниот ред, па потоа за редоследот.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

76 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Господин Стојановски бара процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Го користам правото по Деловник да кажам зошто ќе гласам против овој дневен ред. Дами и господа, ова не е дневен ред за работа, туку е дневен ред да се забавуваме сами себе. Со толкав број на точки ние Ј на оваа 68, која ќе биде 69 седница, нека биде и 80-та никогаш нема да ја завршиме. Беше добро овој дневен ред да се подели на два или три дела, па така да имаме две седници кои навистина ќе имаат содржина за работа. Ова, едно по друго, сигурно дека и оваа седница ќе ја доживее

судбината на 41, 51 и 53-та седница. Затоа јас ќе гласам против ваков дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, 76, се за.

Кој е против молам? (4 пратеници)

Кој е воздржан? (3 пратеници)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на пратенички прашања.

Ве молам, дајте да се договориме за редоследот.

Имаше еден предлог од господинот Давчев, точка 41 да се расправа втора по редоследот.

Дали се прифаќа овој предлог.

Кој е за, молам да крене рака?(59 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1).

Констатирам дека овој предлог на господинот Давчев е усвоен Има збор госпоѓа Димитрова.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Го молам Собранието да прифати промена на редоследот во смисол точката која што пред малку ја предложив, информација од Владата да влезе во првите 10 точки, најдоцна 10-та точка, бидејќи према карактерот на овие први 10 точки тоа е возможно, а мислам и дека е неопходно бидејќи важноста на оваа точка е голема и не знам кој се сеќава имавме точка со многу слична содржина, имавме веќе еднаш изгласано на 51-та седница и оттогаш до денеска ја немаме оваа точка. За да не се случи нешто слично молам да ја прифатите оваа рокада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да укажам дека во работата на Собранието имаме нешто што прераснало во нешто појако од обичај . Прво се законите и тоа први се предлозите за донесување на закони, па потоа се предлозите за донесување со Предлог на закон,потоа се Нацртите на законите, па потоа се предлозите на законите.

Оваа точка може да биде прва од информациите, што се информации.

Јас мислам, барате збор госпоѓо Димитрова, повелете.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Ако веќе го отвараме овој проблем, јас би имала процедурална ваква забелешка. Ние заради недокажаноста на Деловникот се наоѓаме во една многу парадоксална ситуација. Излегува дека точките кои што се полноправно изгласани од страна на Собранието може претседателот по своја волја за ги замрзнува и по три месеца, а може и воопшто да не ги одмрзнува. И така се случува точки за кои што гласале пратениците во голем број да се фрлени на некој начин во ќош. Тоа е прарадоксална ситуација во врска со Деловникот, а дури мислам дека не е ни стариот Деловник виновен туку нашата пракса. Се воведе пракса дека нешто ако се прекине само исклучиво од волјата на претседателот решава колкав ќе биде интервалот додека тоа се вклучи. Дали ќе има 2, 3 , 5 седници меѓу неговото решение кога од фрижидерот ќе го одмрзне прашањето. Така што нас не ни останува друго како пратеници без разлика дали сме гласале или не да бидеме обични молители до претседателот.

Јас овој пат го молам претседателот, да направи, да дозволи Собранието да изгласа дека оваа точка како една од важните точки може би се закони, ама има закони за, еве, како овој за мерни единици, закон за контрола на предмети од скапоцен материјал итн., а и најглавните

V/4.-

закони на ова Собрание на некој начин се во врска и зависат од оваа информација која што ние ја очекуваме од Владата. Така што не го прифаќам ова објаснување и барам да имам една извесна гаранција Собранието да се изјасни дали прифаќа оваа точка да дојде во рок од две недели без разлика на кое место од дневниот ред сме тој момент од оваа седница, во рок од две недели тоа е доволен рок да и се даде на Владата време, на Собранието, како точка на дневен ред кога ќе се уфрли тогаш кога ќе помине овој рок. Благодарам.

Барам да се изјасните со гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлогот на госпоѓа Димитрова е, во првите 10 точки по редослед да се уврсти и нејзиниот предлог за информацијата.

Кој е за предлогот молам нека крене рака? (30 пратеници гласаа за)

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

(Госпоѓата Димитрова од место реагира)

добро, тоа не знам, не знам да го формулирам тој предлог, Вие во рок од две недели побарајте и речете, еве денес да расправаме, тоа кажете кога сакате, тоа не знам како да го формулирам, навистина.

Ако заврши после три дена седницата, како ќе правиме, ќе закажеме после за оваа ваша точка. Повелете.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Мислам дека се наоѓаме во една многу слична ситуација. Точка која што ние, ова Собрание, ја изгласува на 51-та седница и која што, јас не знам, службите можат да избројат, од 51-та седница до ден денеска, јас не знам кој се причините, и сега да не може да добие некоја гаранција дека ќе се појави. Јас се плашам дека со ваков Деловник, а особено со ваква пракса, на самоволие на господинот претседател на Собранието,

V/5.-

Стојан Андов, многу важни проблеми ќе се кријат, ќе се душат додека еднаш не прснат со голема сила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе земете збор и за тоа, скоро ќе ви дадам.

Ве молам, еве ова за праксата не можам да го формулирам да го формулирам ли тоа.

Претходно имаше предлог, на две недели да се расправа, така да го ставам на гласање, јас ќе го ставам.

Кој е за предлогот, на Димитрова, нека крене рака, за во рок од две недели да се расправа.?

19 пратеници гласаа за овој предлог на госпоѓа Димитрова. Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има уште околу редоследот? (нема).

Бидејќи нема да минеме на пратенички прашања. (Некој од пратениците реагира зошто некои министри не се дојдени). Ве молам, проверете зошто од министрите уште нема дојдено. Викнете, јас знам оти ќе викнете.

Имаме овде четворица министри и имаме двајца заменици. Според тоа, ние можеме да работиме.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија, достави одговори на пратенички прашања на пратениците: Тодор Петров, Ефтим Манев, Бранко Арсовски, Благоја. Чкатровски, Владимир Митевски и шабан Превала.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања. (Не)

Минуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на Република Македонија, односно министрите и другите функционери што раководат со органите на управата.

V/6.-

Господин Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Молам Владата да даде одговор какви мерки и активности ќе преземе Владата во врска со завршување на започнатиот процес на" заштита на преспанското езеро со оглед на тоа да сеуште не е изградена ни првата фаза од колекторскиот систем, а претстојат уште дв фази. Во контекстот на ова сакам да поставам уште едно прашање, а тоа е,

Дали Владата размислува или размислувала за се поголемото опаѓање на нивото на преспанското езеро и кои мерки и активности ќе ги преземе за спречување на оваа еколошка катастрофа, зошто ова е природен ресурс, не е од општинско значење , а е национален интерес. благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има надлежен министер, овде? (Нема)

Тогаш, нека Владата обезбеди одговор по писмен пат. Не можат овде на седниците.

Молам, дали некој друг сака да постави пратеничко прашање?

Господин Личоски.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Група од 30 граѓани потписници, а мои бирачи од мојата изборна единица кои што им имаат доставено писмено барање до мене, ме задолжија да ја прашам Владата во врска со тоа што истите тие потписници на нивното барање кои што биле сопственици на свој деловен простор и имовина, а во време на извршената национализација од страна на државата истиот тој простор, имовина им е национализиран до денеска во врска со тоа не е ништо сторено, макар да е донесен законот за трансформација на општествениот капитал. Па според тоа ја прашувам Владата:

V/7.-

1. Дали наведената имовина која што им е одземена, национализирана ќе им се врати.

2. До кога треба да се чека во парламентот да биде во процедура законот за денационализација.

3. Дали воопшто се работи на тој закон или пак ќе се чекаат некои други подобри времиња истиот закон да се донесе од некоја друга Влада.

Сполај ви.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој од министрите ќе одговори на ова прашање?

Господин Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Работен материјал на законот за денационализација е направен, изработен од министерството за финансии и се вршат последните усогласувања со соодветните министерства и ќе биде пратен на Влада во процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јованов.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

За жал осознавањето на правата вистина за некои работи односно случаи зад кои стои или иницијатор е актуелната влада, веројатно ќе остане за некое друго време. Несомнен би бил придонесот за нашата млада држава, а посебно за развојот на демократските процеси, ако тоа време дојде што поскоро. Со оглед на значењето на електро-енергетскиот систем во овој контекст би ги спомнал само случаевите, во врска со јавното претпријатие Електростопанство на Македонија и тоа: насилничко и по итна постапка донесувањето на предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за енергетика.

V/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли прашање, ве молам.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Имам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде повелете.

**РИСОТ ЈОВАНОВ:**

Бидете стрпливи.

Иницирањето и начинот на угушувањето на штрајкот на РЕК Битола, неоткривањето на иницијаторите и причините за рушењето на Косиот мост во РЕК Битола, промената на раководството, во јавното претпријатие и некои негови организациони делови и други. Имено, при бранењето на предлогот за измена на законот за енергетика Владата настапи со тезите: Дека со јавното претпријатие раководат нестручни лица, дека неспособните ги менуваат способните, дека во системот се работи крајно недомакински, дека на пазарот има струја и за 1,6 центи за еден киловат, но некои не сака да ја качува и слично.

Познато е дека до промената на раководството, на ова јавно претпријатие имаше одобрено цена испод еден цент за киловат час електрична енергија, а веднаш кога Владата донесе свои луѓе одобри цена од околу 4,3 центи за еден киловат електрична енергија.

Во последно време во јавноста доста се зборува за следново.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, сепак прашање да поставите а ова дајте го како образложение.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дека позајмените работи јавното претпријатие сеуште го нема вратено на материјалните резерви. Дека на такви материјално-финансиски услови, на генералниот директор на Коле Спасовски, кој

V/9.-

туку што седна на директорската фотелја му е купен четири собен проширен стан за неговите деца.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Вие експозе имате изгледа. Кажете кое е прашањето. Ве молам, ова е пратенички прашања.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде повелете.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дали стварно е купено стан, за новиот генерален директор на Јавното претпријатие, кој донел таква одлука и колку средства се платени за купување на истиот и пот кои услови се дадени тие средства.

2. Дали е купувано струја, по 3,8 центи за киловат, колку и од кого е купена.

Колку струја е купена од доаѓањето на новото раководство, на јавното претпријатие, а колку било купено во претходните две години

Дали стварно е поднесено ново барање за покачување на цената на електрична енергија и каков е ставот на надлежниот орган по тоа прашање.

Ако е можно, а не да е можно туку да ми се одговори овде писмено се ќе биде завалкано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако во текот на поставување на прашањата да го обезбедите министерот или за имерникот на министерот за стопанство дали може да одговори на овие прашања, ве *молам да се обидете тоа да го направите.

Има збор господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, ќе поставам три пратенички. прашања меѓу

кои првото се однесува за работата на министерството за образование и физичка култура, затоа што Министерот е присутен се надевам дека одговор ќе добијат по усмен пат. Прашањето гласи:

Зошто не се почитуваат критериумите за оформување на паралелки во основното образование, односно се работи за во прво одделение на јазиците ан националните малцинства и воопшто за оформување на паралелки кога основен критериум е колку што знам јас е 30 ученици, а имаме случај во населеното место Огшанци општина Гази Баба, кога заменикот министер со свое одобрение од 3.09. 1993 година, господинот Хасан Јашари има дадено одобрени за формирање на паралелка со само 7 ученици, а притисокот кон училиштето "Кочо Рацин" е присутен и понатаму односно одење на емисари од ПДП точно од ПДП, политичката партија ПДП и тоа еден пратеник тука исто така има одено, министерот, и што доведе на некој начин до непријатни нас- тани за тоа јавноста, дел бете"информирана, односно револтот од страна на македонците и србите кои живеат во ова населено место со што тензијата на заладување на меѓунаиционалните односи продолжува и понатаму.

Се надевам дека министерот ќе ми одговори на ова прашање усмено со што е информиран.

Сакам да поставам повторно уште едно прашање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Сакам да поставам повторно уште едно прашање, на минатата седница го поставив но чекајќи одговор, иако со Деловникот тој што треба да даде одговор е обрзан да одговори до почетокот на наредната седница, меѓутоа јас не добив, а прашањето беше упатено до Министерството за односи со странство, а по повод на претставникот на Република Албанија господинот Леонида Меркиди, ми се чини, за телевизиската станица А-1, дека Албанија како услов за прием на РМ во структурите на ЌЕБС, односно Советот за европска соработка и безбедност го поставува прашањето за добивање статус на народ за албанското малцинство.

Прашањето е: што стори Владата односно Министерството за односи со странство во овој случај затоа што имаме грубо мешање во внатрешните работи на РМ а од друга страна на претставник на странска држава.

Третото прашање е до претседателот на Владата Бранко Црвенковски гледам дека не е присутен, меѓутоа ако има негов заменик може да ми одговори усмено, а ако не очекувам писмен одговор за наредната седница, како што стои во Деловникот.

Што ќе стори Владата на РМ по повод изјавите на челниците на ПДП, господата Невзат Халили и Мухамет Халили за настојувањата на коалициониот партнер во случајот ПДП за понудениот документ за потпишување помеѓу Владата на РМ и претставниците на Албанците за измена на Уставот, со кое на Албанците би им се гарантирала автономија или специјален односно за изјавата за федерализација на РМ со автономија како прв чекор дадена од г-динот координатор на пратеничката група на ПДП-НДП Мухамет Халили за едно од бугарските средства за јавно информирање.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Господа пратеници, за случајот во Огњанци за кој на одреден начин е инволвирана и пошироката јавност, вистината или сознанијата се следните.

Таму настава не се одвива веќе два месеца. Не станува збор за решение на заменикот за 8 ученика од албанска националност, туку за 22, за кои е проверено дека се од албанска националност, човек што тоа редовно при влегување во прво одделение го врши.

За разни емисари не знам, иако во бројни образовни проблеми присутни присутни се емисари скоро од сите партии, тоа вие е најдобро, а и другите партии вон Парламентот го знаат. Можам да ве уверам дека скоро секојдневно луѓе од Министерството се присутни како и од подрачната единица и на пат сме да го разрешиме тоа прашање.

Во Македонија според законската регулатива определен е максимумот на деца во едно одделение. Таа бројка според нормативата е 36 ученика. Нашиот стандард на просечен број на ученици во Македонија е 2 8 ученика во Македонија. Нив цела Македонија, а ако овој Парламент бара ќе ви дадеме конкретни податоци, имаме и случаи каде имаме и помалку ученици од 10 заради низа специфики (ридско - планински терен, заради комбинираност во наставата) и бројни други потешкотии. Спремен сум да ви доставам до следната седница точен список на деца со бројки на ученици и помали. Тие во последно време, во сета деликатна изнијанираност на суптилната проблематика на меѓунационалните односи, таму каде имаме над 15 деца, србинчиња ли, Македонци, Албанци, спремни сме се да сториме да отвориме паралелка.

Додека не се оспособи во училиштето во Огњанци за тие децаспрепорачавме и обезбедуваме превоз до најблиското училиште.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков дали е задоволен од одговорот.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не сум задоволен од одговорот на господинот министер од следните причини:

На 1.09.1993 година имало пријавено само 7 деца за следеше на настава на албански јазик во с. Огњанци. Одобрението е дадено на 3.09.1993 година. Значи, дадено е за 7 деца. Овие 22 деца што ги спомна министерот се појавуваат затоа што цело време во тоа населено место партиски одговорен човек од ПДП, по презиме Бериша, така се претставил дека сум одговорен за образованието на политичката партија ПДП оди и врши притисок кај директорот. Каква е состојбата? Имаме деца 5-1987 година родени, 7-1986 година родени, 5-1985 родени, 1-1984 година, 2-1983 и 1-1981 година. За што се работи? Се работи за тотална манипулација, политичка манипулација со децата. Од IV одделение децата кој следат настава на македонски јазик сега се враќаат во I одделение да следат настава од албански јазик. Тоа е за мене една чиста политичка манипулација. односно дискриминација на децата за политички цели. Знаете сите дека ова Собрание едногласно изгласа декларација за заштита на децата од политичка манипулација. Се работи за еден таков однос каде што имаме чисто партиски интереси, а не интереси за подобрување на образованието. Овие податоци се веродостојни, ве уверувам само можам да кажам дека дел од пратениците од пратеничката група на ВМРО ќе му поднесе на заменик

министерот дури и интерпелација за начинот на неговата работа. На тоа имаме право и се надевам дека согласно Деловникот и таа интерпелација ќе дојде на дневен ред на ова Собрание. Затоа велам се работи за чисто политичка работа не се работи дали децата сакаат да учат или не сакаат да учат. Се работи за чисто политичка манипулација и затоа родителите се викани, кои како азиланти биле во Западна Германија итн. да ги донесат децата итн. Тоа е за мене политичка манипулација господине министере. Не се работи дали некој сака тие деца да бидат образование или необразовани, меѓутоа се прави политичка манипулација каде што тензијата на меѓунационалните односи се нарушуваат во тоа село. Тоа е факт, тоа е вистина. Затоа не сум задоволен од одговорот и се надевам дека на јавноста треба да и се соопшти стварната вистина дека се работи за политичка манипулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаше уште неколку прашања кој се однесуваат на други сектори од работата на Владата.

Дали писмено ќе се одговори или сега.

Молам, писмено ќе се одговори.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имав некои прашања меѓутоа, бидејќи соодветните министри не се овде, затоа нема да ги поставам тие прашања, затоа што не сакам да ги поставувам само заради јавноста и не сакам да добијам писмен одговор на такви прашања туку институтот прашања пред пратениците има смисла само тогаш ако пред пратениците во најголем број случаи се одговара до страна на министрите на Владата.

Затоа сакам да го поставам прашањето до кога ќе го девалвираме институтот пратени^ко прашање, како што тоа беше досега и како што тоа очигледно продолжува.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Иако на два пати беше укажано на претседателот на Собранието дека поголем број на пратеници сакаат да ги поставуваат своите пратенички прашања пред целосен состав на Владата ние не бевме задоволени со тоа, дури не се даде ни пауза, ниту обид да се повика Владата.

Сепак, ова пратеничко прашање ќе го поставам и покрај тоа што ресорниот министер не е овде, затоа што треба писмено да ми се одговори бидејќи ќе. треба да се земат податоци од СИЗ-от за стопанисување со деловниот простор.

Последна посета од група правни лица кои учествувале н конкурси објавени за доделување на деловен простор како во трговскиот центар, рака и на други локации, објавени секако од СИЗ-от за стопанисување со деловниот простор тие укажаа на многу аномалии при доделувањето на деловниот простор надвор од деловниците и одлуките на споменатите институти.

Како најдрастичен беше посочен примерот со фирмата Еко-компани која добила на користење 2.800 м деловен простор во трговскиот центар во центарот на град Скопје со право на користење на 10 години и со ексклузивно право да може истиот да го издава. Бидејќи сметам дека ова не е во ред, а исто така знам дека има икс вакви аномалии јас ќе го поставам прашањето и ќе укажам на Владата од што побрзо донесување, а исто така и на овој пратенички состав во Собранието на законот со кој се трансформира СИЗ-от за стопанисувањето со станбениот и деловниот простор и исто така законот за продажба на деловниот простор.

Прашањето гласи?

1. Како и под усглови се издадени 2 . 800 м$^2$ во трговскиот простор на спомената компанија и кој го потпишал договорот.

2. Дали може СИЗ-от да склучува договор за користење на деловен простор за 10 години кога го правилниците стои дека се издавата на 3 т.е. на 5 години.

Дали во Договорот може да стои клаузула дека компанијата, "Еко-компани" го добила деловниот простор на користење со право да го издаде на друга фирма под услов да таа фирма биле членка на "Еко-компани" а кога знаеме дека солдинг компаниите никнуваат како печурки кога би можеле да добиете простор од 1.000 м$^2$.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ова прашање писмен одговор се бара.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Имам неколку прашања, меѓу нив е и ова. На 8.07.1993 година во с. Канатларци - Прилепско во вечерните часови пронајдено на улица 21-годишниот Гоце Трајковски со тешко телесни повреди нанесени на главата со тврд предмет и по неколку часа починал. Прашувам. Дали ресорното министерство има сознание кој го извршил овој злочин. Дали се води истрага против сторителот на овој чин и до каде е со истрагата за откривање на ова злосторство.

Второто прашање е како се трошат средствата наменети за развој на тутунопроизводстгото во висина од 5% од продажбата на тутунот и цигарите кои беа во договор со независниот синдикат на земјоделците и Владата на РМ.

Трето, каква е судбината на отстранетите работници од Работната организација "еуро-инвест" - Прилеп, работна единица во хотелот "Липа"

по нивното барање за раздружување од "Еуро-инвест" Дасли Владата презема нешто тој проблем да биде расчистен.

Четврто прашање, зошто во целост не е исплатен регресот за откупената пченица во општина Прилеп.

Петто прашање, колку средства се одобрени од Фондот за резерви за одгледување на женски јагниња на ниво на РМ и колку од средствата се наменети во општината Прилеп и како се распоредени Дали имаат добиено сите сточари кој индивидуално се занимаваат со сточарство и дали средствата се додели на организации во општествена сопственост кој се занимаваат со сточарство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде има неколку прашања од земјоделието. На првото прашање до МВР ќе се одговори писмено. Има збор заменикот на министерот за земјоделство, г-динот Џамбазов.

**ЏАМБАЗОВ:**

Што се однесува со исплаќањето на премијата за пченицата, на ниво на Република е исплатено околу 60% од вкупната премија. Конкретно немам преглед точно за Прилеп колку е тоа исплатено, меѓутоа, за тоа можам дополнително да се достави.

Ние вршиме напори, зависи од приливот на буџетот како има средства, така и ги распоредуваме сразмерно по организациите.

За јагнињата знаете дека Владата донесе одлука женските јагниња да ги откупува Дирекцијата за стокови резерви по цена од 40 илјади денари. Точниот број колку е Дирекцијата за стокови резерви ќе го даде

затоа што тоа оди преку Дирекцијата за стокови резерви. Тие се исклучиво наменски за одгледување на женски јагниња односно давани се на луѓе, индивидуални сточари и општествени организации кој се занимаваат со овчарство и кој што имаат оставено женски јагниња за приплод. Познато ми е дека од Дирекцијата за стокови резерви луѓе имаат одено на лице место тоа да го проверуваат и прво се проверува дали има женски јагниња, колку има и така се доделуваат средствата. Ако треба поширока информација за тоа Дирекцијата за стокови резерви Ѕе треба да ја даде таа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На останатите прашања, а и на дел од овие по писмен пат ќе се одговори.

**ФАИК АБДИ:**

Јас на неколку прашања немам добиено одговор уште поодамна, но ете што е тоа е.

Имам едно прашање за министерот за образование. Министерството за образование, култура и физичка култура, Педагошкиот завод и Педагошкиот совет на РМ се јасни во своите определби и одлуки во училиштата каде што учат Ромчиња на факултативна основа да се воведе само еден час настава по ромски јазик. Останатото да е предава на македонски јазик. Договорено е да се воведе анкета родителите да потпишат изјави дали сакаат или не. Меѓутоа, во доста училишта во РМ наставниот кадар погрешно го толкува ова и ги лаже родителите дали сакате вашите деца да учат само на ромски јазик. заради тоа луѓето се обратија до мене да го поставам

ова прашање што Министерството за образование и физичка култура ќе преземе во овие училишта и дали ќе се стори нешто воопшто да се објасни на родителите, на децата, затоа што веќе доаѓа до прекршување на повелбите и на ООН прифатени со нашето влегување во 00Н, а претходно на Париската повелба и другите документи на ЌЕБС и т.н.

Ова се случи токму минатата недела, кога ден два потоа дојдоа претставници на Европскиот совет во РМ со кои разговаравме малку и на оваа тема.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Толку колку што ќе можам господине пратенику ќе ви одговорам, затоа што прашањето за факултативно изучување на ромскиот јазик кај ромчињата во делот што значи и изјава на двата родитела дека сакаат нивното дете факултативно 1 час да учи треба да се обезбеди. Деликатно е прашањето затоа што во многу средини одењето во препад може да доведе до контрапродуктивни ефекти, а програмата за изучување на ромскиот јазик по еден час факултативно колку знам беше пред педагошкиот завод, а и вие за тоа сте запознати.

Штотуку за прв пат од вас чув дека имало и такви наставници кој што на таков, малку искривен начин го поставувале прашањето. Дозволете да провериме и да видиме што е од тоа вистина.

**ТАШКО КИРОВ:**

Прашањето е до г-динот Бајалџиев, министер за образование и физичка култура.

Врз кој уставен и законски основ е изготвен концепт за едукација на воспитувачки кадар за предучилишните установи и наставен кадар за

основните и средните училишта и кој се еминентните стручњаци кој со решение на министерот се назначени за негово изготвување.

Во кој одредби од законот за насочено образование е најден основ сопствено направениот концепт самите да го донесете со решение број 11-4318/2 од 31.08.1993 година и дали со овој акт не ја нарушувате уставната одредба за автономијата на Универзитетот применувајќи ги одредбите од законот за органите на управата во уредување на прашање што е во исклучива надлежност на високообразовните установи и Универзитетот.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

По ова како и по бројни други прашања, убаво и пратеникот предочи таму каде што има сомневање дека од уставен,или законски аспект некој министер нарушил нешто, или прекршил норма, ве молам во триделната власт постои институцијата Уставен суд. Повелете и докажете го правото каде, кој министер во случајот за образование го прекршил уставот или законот. Така што пратениче имате и таква можност, но од политички аспект кога Уставот декларира право на образование на мајчин јазик во основното, значи предучилишното и средното се претпоставува и начинот како ќе се едуцира кадарот што ќе ги воспитува децата од овие два степена на образование. Вие знаете потребни се различни степени на образование за овие деца. Има одлука на поранешниот СИЗ од 13 октомври 1983 година, можете да ја погледнете и добро да ја проучите и сигурно со помош на правници да се протолкува. Можноста од воспитување, или создавање на кадри за воспитување на деца од предучилишна возраст ниту со таа одлука од 1983 година не е укината. Ве молам, во таа смисла повелете и во Министерството, бидејќи чувствувам дека и добронамерно понекогаш ги поставувате прашањата, имаме и правна служба и за многу работи ќе поразговараме, примаме и критика. Инаку никаква одлука сеуште не е донесена, а автономијата на Универзитетот најмалку Министерството за образование треба да ја загрозува.

**ТАШКО КИРОВ:**

Јас немам дополнително прашање. Доколку министерот очигледно не е подготвен сега да даде одговор, мислам дека треба да се одговори во писмена форма. Инаку јас го искористив правот да поставам пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, сепак, не е задоволен од одговорот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Ја прашувам Владата што станува со депоратацијата на граѓаните од албанска и муслиманска националност од Западно - европските земји во Сојузна Република Југославија претежно од Шведска, Германија и Швајцарија. Кој дозволил нашата Република да биде транзитен центар и колку од депортираните останале да живеат во Република Македонија?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Пред три месеци е во разговор со владите на Шведска, Норвешка, Холандија, Германија и Швајцарија е договорено да еден дел од државјаните на СР Југославија кои се таму најдени во незаконски престој бидат наместо на претходните пресечени патишта кои беа користени преку Белград, бидејќи Белград беше исклучен воопшто од авионски сообраќај. Се користи скопскиот аеродром, целиот аранжман беше платен од тие држави, а услугата техничка на некој начин од Аеродромот до границата ја вршеше и Министерството за внатрешни работи. Ниту еден граѓанин во тој комплекс на СР Југославија не е останат ниту привремено во Републиката. Тој транзит е прекинат пред две недели, пред 10 дена, бидејќи имав некои други проблеми повеќе на пропаганден план во Европските земји, а не технички проблеми во Републиката поради заостанување на некој од граѓаните во Републиката и поради нашата тенденција со тие земји да склучиме евентуално и дејуре, односно формални договори во областите во кои ние имаме интереси, а за што треба соодветна процедура и време. Според тоа, тоа веќе не тече наназад десетина - петнаесет дена.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Господинот министер не ми одговори, од депортираните колку има останато да живеат во Република Македонија?

**СТОЈАН АНДОВ:**

На тоа прашање е одговорено.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, до Владата на Република Македонија засега две прашања. Дали соодветното министерство т.е.( за урбанизам и понатаму предвидува мерки на соочување на движењето на граѓаните од планински краеви во општина Чаир т.е. во сегашна фаза погранична зона кои во новите објективни услови мораат да комуницираат за своите животни потреби само со Скопје. Образложение. Се водеа некои активности, беа дадени ветување и од општината и од Министерството да се воспостави соработка и со булдожер патот да се сравни, бидејќи доаѓа зимата, постојат објективни услови тие граѓани да бидат пресечени од центарот.

Второ прашање, до Владата на Република Македонија по писмен пат ако е можно да се одговори. Дали Владата на Република Македонија е во тек или има намера да превзема превентивни мерки за непожелни фашизоидни појави во Република Македонија? Образложение. Досега се забележани групни такви појави и индивидуални и за жал и во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој сега ќе одговори на овие прашања од страна на Владата? (Не)

Тогаш писмено ќе се одговори.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа од информациите со кои располагам и денеска што ги потврдив од дел од образложението на прашањето на господинот Стојков поставувам исто така прашање до министерот за образование и физичка култура. Зошто учениците албанчиња се превезуваат од село Огњанци во друго училиште да посетуваат настава кога училишна зграда има во самото село, односно во Огњанци. И кои се оправдувањата и со што се оправдуваат граѓаните од македонска и српска националност во Огњанци кога го забарикадираат училиштето и не им дозволуваат на учениците 22 ги спомна министерот да влезат и> да посетуваат настава. Тие ученици секој ден смрзнуваат пред нивното училиште и не можат да влезат да посетуваат нас- тава затоа што училиштето е блокирано од граѓаните од српска и македонска националност од истото село. Тоа значи дека од тој отпор што се дава овие ученици деца кои сакаат да посетуваат настава на мајчин јазик, значи првачиња сеуште секој ден смрзнуваат пред училиштето. Значи со што се оправдуваат тие граѓани кога се разговара со претставниците од министерството зошто не им допуштаат на учениците да учат на свој мајчин јазик. Ова е првото прашање.

Второто прашање, дали од Министерството за образование ќе се преземат мерки за одговорните од подрачната единица за образование во Гази Баба кои дозволиле со години овие ученици да не посетуваат настава на мајчин јазик во основното образование. Одговорот би сакал сега министерот да го даде.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

И сами господа пратеници, а се надевам и пошироката јавност гледа колку луѓето задолжени и одговорни за образованието работат самостојно и колку во сето тоа се друго е инволвирано. Дали е тоа во интерес на децата, ве прашувам сите вас. Точно е господине пратениче дека жално е тие деца да патуваат како што вие велите, меѓутоа Министерството и подрачната единица веќе три до четири пати закажува средба со децата, но и родителите на децата. Нешто од она претходниот пратеник што постави прашање и делумно искажа незадоволство, моето незадоволство е во следното. Ако Министерството и подрачната единица негова закажуваат средба со родителите на децата било кој друг да не е присутен, тогаш тие родители ако ги сакаат тие деца се должни тие, а не други да дојдат на таква средба. Тоа значи ако и вие велите нивно матично училиште, јас се сложувам. Но, таму немало настава досега прво одделение, јас зборувам исклучиво за прво одделение. Токму во текот на вчерашниот ден помошникот во Министерството и заменикот беа лично и се уверија дека во една просторија која за најкусо време може да се адаптира, но конкретно постоен простор денеска за денес таму нема. И велам ако се јават и српчиња кои докажуваат дека се срби по потекло на број што претходно го реков, ние и за тоа сериозно ќе размислиме и за тие деца да обезбедиме настава. Не станува збор децата да смрзнуваат, туку привремено додека не се средат приликите со просторот во училиштето, образованието за тие деца обезбедува превоз.

По однос на вашето второ прашање ќе се сложите и вие, одговорност ќе има секогаш таму и тогаш каде и кога ќе се докаже дека некој сторил некое криво творење.

Почитувано претседателотво, дами и господа пратеници, уште пред оформување на ова Собрание и овие две влади забавиштата односно предучилишните установи беа во состав на основното образование. Не знам од кои причини и прашањето гласи: Кој беше тој што забавиштата од основното образование ги одвои и ги префрли во социјални грижи како градинки. Тоа е едно. И што стори Министерството за образование досега на кое што му беше доставено барање од наставниците и од основното образование што побрзо да се вратат забавиштата во состав на основното образование, затоа што тоа е зачетокот, никулецот на основното образование. Не можеме ние да ги третираме како социјални грижи. Тоа си е посебно. Градинките се за таа работа, а овде е почеток на основното образование. И по никоја педагошка метода не можеше да се издвојат и да бидат во состав на Министерството за социјални грижи каде што овие наставници и деца се уценувани во основните училишта, не му даваат од таму плата, па прашањето со огрев и чистење на просториите не е решено,а беше покренато прашањето и беше ветено дека во најскоро време ќе се вратат во состав на основното образование. Тоа до денеска не е сторено и барам сега да даде господинот министер одговор што е сторено и кога ќе се реши ова прашање.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Благодарам и на така поставеното прашање затоа што иако сме министерство од иста влада, министерство и министер со по некое прашање може да се јави со различен интерес. Ќе бараме и поддршка веројатно и со аргументи ќе лобираме да не поддржите кога ќе дојде пред овој ценет парламент нашиот закон титлиран како закон за пред-училишно и основно образование кој непосредно е пред завршување во

владината процедура. А за оној прв дел господине пратениче на вашето прашање, кога тоа е сторено можам да ви речам со полна одговорност дека тоа е сторено во декември 1991 година раздвојувањето на забавишните групи од училиштата, време кога овој министер што стои пред вас не беше министер.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Прашањето го упатувам до министерот за правосудство и прашањето воедно мислам дека треба и заслужува внимание да учествува и министерот за внатрешни работи.

Дали се точни наводите, односно дали се вистинити наводите кои постојат во јавноста дека Демократската партија, конкретно на Петар Гошев се финансира од воено профитерство и шверц остварено со трговија на нафта и кафе со познатиот воен злосторник од СРЈ воениот злосторник господинот Аркан преку приватните фирми на Стојан Трајановски бивш министер за стопанство и господинот Љупчо Стојковски на фирмата Бујото. Барам прашањето да биде одговорено писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се бара писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да довикувате ве молам. Дозволете да работиме.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Пред една година припадниците на Министерството за внатрешни работи го обезбедуваа центарот за основно образование во Центар Жупа. Образложението беше дека МВР е должно да ги извршува одлуките на другите министерства. Дали министерот за образование, господин Бајалџиев барал од МВР да се обезбеди школскиот објект во с. Огњанци, со оглед на тоа дека група припадници од српка и македонска народност не им дозволуваат на учениците да се изведува настава на албански јазик, и ако тоа го има сторено што преземал ресорниот министер.

Второ, до кога Владата на Македонија ќе дозволи Македонија традиционално да биде транспортен центар за одредена група на граѓани и тоа историски центар за депортација на граѓаните, служејќи и чесно и часно на српската политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали од Владата ќе одговори некој на овие прашања.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Околу последново прашање кое е поставено директно до целата Влада се работи за следното:

Начинот на депортирањето ,всушност на граѓаните на другите држави кои се наоѓаат нелегално на први држави е вообичаено во Европската заедница и тоа не е правено само во Македонија. Тоа е правено најмалку и преку две држави за кои јас знам а тоа се Унгарија и Романија, не сум сигурен за Бугарија. Меѓутоа, на тој начин до колку ние влегуваме во конвенциите а имаме интенција да влегуваме, ние дури ќе бидеме обврзани на ваквите взаемни сервиси или взаемни помагања. Она што е најважно во целата работа е тоа да биде регулирано со спогодба, формална, зошто и ние сме заинтересирани иако немаме

такви конкретни интереси кај другите држави и второ целокупниот трошок околу тоа го поднесуваат државите кои моментално ја иницираат целата постапка.

Она за што ние се одлучивме да го прекинеме тој процес затоа што во голем број невладини организации во Европа се создаде впечаток дека се депортираат албанци кои избегале во РМ од СРЈ и се враќаат назад во такви големи количини во СРЈ поради причини или во државата која политички ќе ги гони. Поради тоа ние немавме добра можност тоа да го објасниме дека тоа не е така. На крајот должни се тоа да го објаснат дека не е така оние држави кои од нас бараат таква услуга. И поради тоа и поради немаше на формална спогодба тоа го прекинавме. Според тоа не е акцијата насочена кон никого посебно. Ние сме обврзани дури и конкретно со Словенија, сега ќе треба да склучиме договор околу тоа взаемно разменување на лица кои се најдат на територијата на другите две држави, а немаат легален престој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали министерот за образование ќе одговори на другото прашање.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Господа пратеници кога би ја знаеле луѓето, родителите и децата, се надевам, вашата добронамерност, се плашам од ново заострување на некои односи во училиштата и нови совети на родители на едни на други и на трети. Сеедно господине пратениче, точно е , министерот побара интервенција од министерот за внатрешни работи во однос на Жупа затоа што имаше, да не ги објаснувам, или сакате да кажам, обиди за потпалување на училиштето, обиди за оголување на жици, тепачки и страв од настрадување на некое дете. Меѓутоа и тие први информации за состојбата на некој начин како министерства кои мораат да соработуваат ги добивавме и од самото Министерство за внатрешни работи.

Вчера мојот заменик Хасан Јашари и помошничката за основно образование лично беа во Огњанци. Тие не сигнализираа дека состојбата дотаму е дојдена за да мора министерот да бара помош за интервенција со сили од органите за внатрешни работи. Тоа ако дојде за потребно сигурно дека ќе го сториме.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас сум запознаен дека министерот донел одлука во тоа училиште да се изведува и настава на албански јазик. Група граѓани, независно од која национална припадност, тоа го оневозможуваат, не дозволуваат да се изведува настава. Сега која е вашата надлежност да ја спроведете одлуката.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници едно малку поведро прашање за господинот Бајалџиев, министер за наука и физичка култура. Имено се работи за следното:

На спортистите и спортските работници на РМ не им се познати и живо ги интересира кои се причините што е укината највисоката Републичка награда за врвни постигања во спортот. Бидејќи таа веќе три години не се доделува, прашањето е дали имате намера повторно и кога да ја воспоставите.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Владата на последната седница, овој понеделник, меѓу другите законски проекти го разгледуваше и законот за доделување награди и признанија, при што констатираме дека во тој текст има и застарен дел.

Се прифати и предложи да се интензивира постапката и на соодветен начин сите постојни награди, се разбира без наградата "25 мај", а евентуално и да се размислува и за нови, што побрзо да почнат да се доделуваат таму каде што е истечен мандатот на некои од

одборите за доделување на тие награди итно да му се предложи на Собранието да изврши нов избор, а каде имаме во континуитет такви одбори тие да си ја преземат задачата. Значи, и спортските и други образовни но и награди во однос на културата и другите области да почнат што побрзо да се доделуваат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам 4 прашања.

Првото прашање е за Министерството за урбанизам, со оглед на тоа што не гледам дека имаме претставник, барам писмен одговор.

Имено, на граничната линија помеѓу општините Центар и Карпош во Скопје, на делот спрема падините на планината Водно, делот од земјиштето кое е во вид на дол и служи за одвод на вода од планината Водно се полни безправно со земја и други отпадоци, а со тоа се загрозуваат објектите и куќите кои се наоѓаат на таа локација од евентуални буици на вода, тие ќе бидат однесени заради тоа што долот е потполнет и не функционира. Моето прашање е до министерството за урбанизам што планира да преземе за спречување на оваа појава која во години кога може по обилни врнежи да има може да прерасне во појава да ги однесе објектите од теренот околу долот кој веќе е зафатен.

Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика. Со оглед дека претставникот од министерството е присутен ако има можност да ми одговори усмено на оваа седница би прифатил.

Во населбата Ново Лисиче има нов објект, градинка, кој е готов веќе една година меѓутоа не е даден во употреба.

Со оглед дека структурата на населбата на жителите е таква да има потреба од оваа градинка, со голем број на деца, прашувам кога Министерството планира овој објект да се пушти во употреба.

Трето прашање на кое барам писмен одговор од Министерството за односи со странство е дали министерството има план и динамика за спроведување на планот за ширење на дипломатската мрежа на РМ во странство.

Четврто прашање е до министерот за финансии, а барам писмен одговор.

Прашањето е кога министерството во однос на Владата планира Собранието да го добие буџетот за 1994 година за расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор заменикот на министерот за труд и социјална политика.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Објектот градинка во ново Лисиче е во фаза на технички прием и во прашање се денови кога ќе биде пуштен во употреба.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Бидејќи имаше поставено прашање -до мене, да одговорам. Владата прави напори да го исполни ветувањето буџетот

Собранието да го усвои пред истекот на годината, како што стои во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За другите прашања ќе добиете писмен одговор.

Дали некој друг има да постави пратеничко прашање.

**ФЕРИТ САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, прашањето го упатувам до Министерството за образование и физичка култура а се состои во следното.

Четириесетина ученици албанци во село Жировница - Гостиварско не можат да посетуваат настава на свој мајчин јазик што го гарантира и Уставот на Македонија.

Прашањето би гласело, до кога овие ученици ќе бидат надвор од школските клупи. Може и усмен одговор а може и писмен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку ве молам да се изразуваме како што се викаат селата. Село Жировница е село Жировница, нема албанско или вакво или такво село. Тоа е село Жировница.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Во село Жировница во последните два три месеци со големи напори на Министерството и на месното население го поправаме стариот објект, стариот до сега некористен објект. Досегашниот објект нема ни минимални услови за настава.

За проблемот на децата од албанска националност во Жировница лично сум запознает, со бројни родители сум разговарал и со вселување или создавање макар на еден спрат подобен простор во новата училишна условно старо-нова што ќе ја обезбедиме, ние тоа прашање дефинитивно ќе го разрешиме. Но, засега на децата од албанска националност во Жировница им е обезбеден бесплатен пат и сместување во интернатот во блиското село Врбјане.

**ФЕРИТ САДИКУ.**

Јас реков село Жировница. Претседателот веројатно не ме слушна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Баш така и треба.

**ФЕРИТ САДИКУ:**

Што се однесува до блиското село господине министре блиското село, село Врбјане е доста оддалечено од село Жеровница. Јас мислам ако е веќе така, а верувам дека е така, не сум имал можност да одам горе, мислам дека треба да се пристапи кон распишување на конкурс и да се пристапи кон оформување на одделенијата. Така да овој процес

колку што јас располагам со податоци е дека многу се пролонгира и се успорува работата околу изградбата односно реадаптација на објектот кој сега се прави.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, бидејќи законот за државјанство создава големи компликации кај граѓаните и еден голем број од нив ги доведува во една независна позиција, оттука јас поставувам прашање до министерот односно до Владата што намерава Владата да прави со регулирање на ова прашање на граѓаните на РМ, кога сите знаеме дека со едногодишна работа органот за Внатрешни работи не успева да го реши овој проблем ни 10% на жителите на РМ. До колку вака се продолжи овој проблем не може да се реши ни за 10 години, сметајќи на досегашните резултати од работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Љубомир Фрчковски ќе одговори на ова прашање во име на Владата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

По прашањето на државјанството директно математиката не мора да биде точна бидејќи еден дел од жителите односно граѓаните на РМ на некој начин веќе го имаат регулирано државјанството. Така да не е целиот број полнолетни граѓани врзан или ~упатен на регулирање повторно на државјанството. Во овој број што досега се јавува, Влдата направи напори и практично се удвостручени луѓето кои работат на шалтерите и е зголемено за два пати работното време во клучните центри каде што е главниот притисок, тоа е пред се Скопје.

Роковите кои истекуваат во овој месец, сметам дека до тие рокови треба, се знае законската постапка , пријавувањето за државјанство е неопходно да се направи. На тој начин не мора да се испушти рокот за регулирање на државјанството, а ние сметаме дека најмногу. 2. месеци од завршување на тој рок ќе ги завршиме поднесените барања. Тоа

значи, сума"сумарум, некаде до февруари месец ние ќе имаме реално чиста ситуација на оние барања кои се поднесени во законскиот рок, со сите овие засилувања и компјутерски и штапарски и со луѓе кои ги направивме во меѓувреме.

**ХИСНИ ШАКИРИ**

Бидејќи министерот тврди дека голем број на граѓаните на РМ не треба да бараат државјанство, според законот тие го имаат. И јас мислам дека е така, но не се согласувам бидејќи во подрачните единици на МВР, конкретно ми е зборот за општина Куманово, таму се бара документ за државјанство кои немаат друго државјанство освен државјанство на РМ. Сега за еден документ мора секој човек да поднесува барање за да го регулира ова прашање. Сега министерството како орган дава друго толкување на законот а органот таму во подрачната единица кој директно е поврзан со проблемот, сосема друго толкува и спроведува. Тука е проблемот. Затоа се чека скоро по 24 часа пред шалтерот за државјанство. Дури има луѓе кои по 10 дена трчајќи, уште не можат да добијат одговор, ниту да ги регулираат документите. Тоа е проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Дами и господа пратеници, до Владата на Република Македонија ги поставувам следните прашања пратенички и барам усмен или писмен одговор.

Од министерот за образование пред неколку седници, ми се чини дека беше одговорено дека по однос на топонимијата употребена во учебниците за албански јазик, која топонимија е уведена во текот на владеењето на монистичкиот систем, изјави дека нема законска основа. Па, прашањето е следното, зошто и дали од страна на Министерството се направени напори за оваа година да се измени топонимијата и зошто не е изменета истата.

Од министерот за финансии барам да ми одговори на следните прашања:

Девизниот инспекторат е под негова јурисдикција. Во Комисијата чиј јас сум претседател има жалби од граѓаните, кои се жалат за нерешените нивни барања повеќе од две години. Условите за работа на тој инспекторат се жалосни жалби.-Што намерава Министерството да преземе да го зајакне тој инспекторат со луѓе и дали има замисла да ја подобри националната структура. За што, повеќе има голем број на граѓани и од други националности.

Трето, пред неколку седници министерот ни вети дека ќе ни понуди закон за царинска тарифа. Ние , односно, и тогаш рече дека тоа ќе биде во рок од 3 месеци. Пројдоа можеби повеќе од 6 месеци, таков предлог-закон нема. Па, дали таквиот текст е подготвен за да биде предложен на Собранието на Република Македонија?

Едно прашање, повторувам, по трет пат на претседателот на Собранието. Денеска

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се поставуваат прашања на претседателот на Собранието. Не е предвидено.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Добро, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бајалџиев, прво неговото прашање, дали ќе одговори.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Повеќе од една година пред истиот состав на Парламентот имав можност да го дадам автентичното толкување на Институтот за национална историја по однос "на прашањето за топонимијата и егзонимијата и тоа стои во стенограмите и може точно да се најде.

Меѓутоа, за вториот дел на првото прашање ќе речам следно. Јас лично чувствувам потреба од донесување на таков закон, меѓутоа, Ве молам господа пратеници не барајте од образованието да подготви текст за таков закон. Затоа што тоа не е негова предметна материја

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е првото прашање. Господине Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Го ценам министерот за образование и како човек и како стручњак, меѓутоа, не сум задоволен со вториот дел на одговорот на моето поставено прашање, за што министерот е министер, а и е член на Владата. Тогаш ако тој не е надлежен за поднесување на таков предлог, може Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Точна е констатацијата дека предметите од девизните прекршоци повеќе време останувале нерешени од причини што до донесувањето на новиот закон за девизно работење, второстепената комисија беше при Владата на Македонија, која за една година и нешто не реши скоро ни еден предмет. Значи, мируваше, не работеше второстепената комисија.

По донесувањето на новиот закон за девизно работење решавањето второстепено е пренесено при Министерството за финансии и формирана е комисија , која откако е именувана сега работи интензивно во решавањето на предмети од повторостепено решавање.

Се преземаат мерки сите предмети и во девизниот инспекторат да се решат поажурно и наскоро ќе се видат и резултатите, затоа што граѓаните ќе добијат решенија, правосилни решенија за исходот на прекршоците.

Девизниот инспекторат работи во тешки услови, таму во бараките горе кај Министерството за земјоделство каде што беше, и сега преземаме мерки, бидејќи се врши преселување на Министерството во новата зграда бившата ЦК, па исто така планираме да создаваме поповолни услови за работа на Министерството за финансии, а во тие рамки и на девизниот инспекторат.

Инаку, што се однесува до прашањето за подобрување , како што пратеникот се изрази на националната структура во рамките на природниот прием на работници од сите министерства кога се отвора конкурс кандидатите се примаат согласно законите за работни односи па кога ги исполнуваат условите се примаат во Министерството за финансии и припадниците на албанската народност како и сите други, согласно

Што се однесува до„.Законот за царинска тарифа тој е во понеделник на седница на Влада. Надлежните комисии на Владата имаат разгледано и после понеделник ќе биде пратен во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Муртезани, дали имате дополнително прашање? Тоа значи дополнително прашање од веќе поставените прашања. Дополнително прашање во врска со веќе поставените прашања на кои добивте одговор. Немате друго прашање, не ново прашање?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Јас кој го поставив прашањето, работата ми беше дали ќе се подобри националната структура на вработените односно на инспекторите таму кои се се гледа дека сите вработени таму се македонци, а ни еден албанец нема. Тоа е веројатно кога ќе се објави конкурс ќе се примат ако се пријавуваат.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Имам три прашања за поставување. Првите две се однесуваат до Министерството за образование и физичка култура, а третото прашање е до Министерството за урбанизам и градежништво.

Првото прашање е следното, во с. Фалише кое се наоѓа на неколку км од Тетово, училиштето е во дотраена состојба. Потребно е некојпат само поголем потрес од земјотрес или да речеме некоја поголема силина на ветерот, или пак во зимските периоди поголема количина на снег да наврне и училиштето да биде срушено. Притоа, не само што ќе настане материјална штета, туку може да настанат и повреди, па дури и смртни случаеви. Месната заедница од ова училиште покрена иницијатива за градење на ново училиште. Фактички ова подрачно училиште е во состав на Централното училиште "Св. Кирил и Методиј" од Тетово. Бидејќи основното училиште во Тетово нема никакви материјални средства,

Месната заедница на ова село покрена иницијатива за градење на ново училиште. Бидејќи немаа и самите селани средства, подадоа бараше до подрачната единица до Министерството за образование во Тетово на некој начин да се снајдат со средства, а истата подрачна единица, молбата за средства ја достави до Министерството за образование. Поминаа неколку месеци, сеуште немаат добиено никаков одговор во основното училиште во село Фалише.

Го молам министерот за образование по писмен пат да достави одговор во врска со преземените мерки за изградба на ново училиште во селото Фалише.

Второто прашање се однесува на основното училиште "Братство" во Тетово. Скоро пред неполни две години кај истото училиште со претходно организиран референдум, при што 48 беа против, а 52 за, од наставниот кадар на ова основно училиште беше донесена одлука за промена на името од "Братство" во "Мицени". Бидејќи наставниците беа незадоволни од вакво решение на Собирот на работните луѓе, а и родителите на подрачното училиште во с.Сараќино, кое што се наоѓа на 6-7 км. од Тетово беа незадоволни, бидејќи и нивните предлози не беа земени предвид во Стопанскиот суд на Македонија, наводно дека била донесена одлука за и судско менување на името во училиште "Миѓени". Бидејќи дојде до револт и на наставниците Македонци од ова основно училиште, како и од родителите, скоро еден месец македонските ученици не посетуваа настава. Во тој случај биде поднесено повторно барање, бидејќи постои согласност, до колку нема општа согласност на наставниот кадар и родителите да не дојде до промена на името на училиштето. Во Стопанскиот суд во Скопје е донесена нова одлука да се задржи старото училиште "Братство". Меѓутоа, до ден денеска сеуште печатите во ова основно училиште се на "Миѓени".

Го молам министерот за образование усно објаснение да даде во врска со ова.

Третото прашаше се однесува до Министерството за урбанизам, а се однесува на следното. Двете Шарпланински најоддалечени села од Тетово, тоа се Урвич и Јеловјане претставуваат еден проблем во однос на сообраќајот меѓу овие две села и Тетово поготово за селото Јеловјане. Истите селани од с. Јеловјане се обидувале да го решат проблемот со транспорт до Тетово преку с. Урвич. Меѓутоа, не можеле да добијат согласност од с.Урвич за некаде околу 1 или 2 км. да го поврзат селото со с.Урвич.

Јас поставувам прашање до Министерството за урбанизам и градежништво, како и на кој начин ќе помогне и ова село Јеловјане да дојде до еден пат и на тој начин луѓето за доаѓање во град и за обавување на најосновните елементарни потреби, а поготово и за лекарски прегледи, така што да не мора да остануваат во градот и во текот на наредниот ден.

Одговорот го барам по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Симеон Ивановски.

Ве молам, тој бара по писмен пат.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Дали смеам јас да прашам нешто, пратеникот бара за едно прашање да се одговори писмено, а за друго усмено. Министерот има право да каже дека на двете прашања усмено ќе одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама вие не поставувате прашање, вие тврдите, немате прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ.**

... да се ослободат ... па , туку што господинот болшевик од Пробиштип постави прашање, толку и јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Понатаму, сега ќе завршам со една многу кратка реченица. Колку што може проститутката за моралот толку и господат од СДС можат да зборуваат за одредени профитери за одредени финансиери на одредени партии. Само толку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам само , кога ќе се налутите еден на друг овде немојте под изговор на процедурални и не знам какви прашања. Тоа нема врска ниту со вистината, нити соработката сега каде што се наоѓаме. Се лутите,добро, еден на друг можеме да се налутиме.

Еве деловничка интервенција од господинот Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас навистина сакам само деловнички да интервенирам и господине претседателе дозволете ми да ви упатам забелешка дека и на ваков начин Парламентот се доведува на работ на еден општ театар. Имајќи го предвид дека беше спомната партијата на СДСМ во претходното излагање, јас молам да ми дозволите само една реченица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не дискутираме за партии, кажете ја забелешката и готово.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Слушнавме една тирада од господинот Михаил Пановски, јас верува дека господинот Михаил Пановски со тоа што ова му е

пета демократска партија, каде што отиде, првин беше во Партијата за демократска преобразба, како пионер, па понатаму прејде во ВМРО-ДПМНЕ, понатаму помина во една друга, во Слободни демократи, сега во некои врзани демократи и не знам каде и ни одржа како на демократски начин треба да се расправаат проблемите во Парламентот. Мислам дека после сево ова не е потребен никаков коментар.

И, уште две забелешки, прашањето што го постави членот од СДС, парламентарно, не значи никаква анатема, значи само дел од она што се врти во јавноста. Тоа значи, дека доколку тоа не е точно, значи заштита на дигнитетот на тие лица и нивни фирми кои се спомнуваат во јавноста и во јавната периодика. Во спротивно ќе значи потврда. А, никако не значи анатема од оваа говорница. Јас мислам дека господинот Михаил Пановски би имал навистина искрени намери требаше тој тоа прашање да го постави јавно до надлежните министерства затоа што тоа се врти во јавноста веќе 1 месец, колку што можевме да прочитаме и да слушнеме на радио и телевизија.

И, второто прашање, во врска со опструкцијата (реакција на некои пратеници во салата) на пратениците од позицијата кои што го злоупотребуваат пратеничкото прашање. Јас не знам на кој демократски начин е разбрано дека на пратениците од позицијата им е забрането да поставуваат прашања. Напротив, пратениците од позицијата поставуваат прашања и во парламентарните земји со развиена парламентарна демократија во позитивна конотација како што имавме можност денес да забележиме, да добар дел, 5-6 пратеници од позицијата поставија прашање што ја афирмира работата на Владата и такви одговори добија од соодветните министри.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само, ве молам, ќе ви дадам збор господине Пановски, само еден момент. Јас го уважувам укажувањето како што го направи сега

господинот Стојановски, како да се заштити работата на Парламентот од непотребни испади, но знаете како е, господине Пановски причекајте малку, чекајте, а, така, ако господинот Пановски навистина место да постави прашање или да стави процедурална забелешка, а одржа говор, и оправда некои работи што тој мисли да ги реши и промовира некои работи што тој мисли, правилна беше забелешката на Стојановски, но да останеше на неа, а тој истото го направи. Ве молам, затоа фактички е тешко да се раководи со Парламентот, а јас мислев сега да ја прекинам седницата, уште кај г-динот Пановски, меѓутоа имаме само уште 3 кој треба да постават прашање и утре да не почнеме со поставување прашање. Од чисто работен карактер бев толерантен спрема Пановски и Стојановски исто така.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бевте толерантен со г-динот од Пробиштип.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа беа прашања, ве молам Такви прашања г-динот Пановски има поставено многу. Досега само ако ги разлистаме стенограмите.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, не, нема проблем, г-дине претседателе со вас немам намера да влегувам во дуел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете те си вие прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно господата од СДС не можат да се ослободат од својот манир стекнат за време на едноумието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во што е работата сега. Интервенција деловничка, ве молам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас сум овде лично повикан, јас сум лично навреден и дозволете ми во интерес на јавноста да одговорам на сите мои напади.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, личните навреди, надвор од оваа сала, ве молам. Ова е законодавно тело, имаме пратенички прашања, одговори.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Затоа вие дозволивте да бидам навреден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, немојте навреден.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да дозволивте. Не можат, значи, господата од СДС, сегашен, да се ослободат од својот манир да располагаат со досиеја за одредени луѓе, да ги користат тие досиеја кога ќе им биде потребно и во старите добри времиња како што работеше УДБА да обвинуваат некого од позиција на досиеја. Но, нема проблем, јас бев повикан и морам да одговорам бидејќи г-динот Наќе Стојановски кажа дека сум припаѓал на 5 партии, нема проблем, мене ми е многу драго што освен тој аргумент нема друг аргумент дас сввори со мене. Јас ќе му кажам само нешто. Јас сум припаѓал само на 2 партии, на ВМРО-ДПМНЕ и на ДП и не се срамам тоа да го кажам никогаш. Партијата слободни демократи влезе во ДП комплетно и веќе не постои, сите тие членови влегоа во ДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам сите сопствени оптоварувања во печатот, на конференции за печат, немојте овде повеќе, немојте.

XI/11

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

За господата, исто и за г-динот Никола Поповски што дофрлува, мислам како човек што е познат по своите досиеја, дури и нас ТВ ги вадеше, нема проблем, за тоа, јас само едно ќе кажам. Спремен сум да спорам со сите овде со ставови. Јас моите ставови јасно и децидно ги кажувам. Никогаш округло па на ќоше. Секогаш од кога сум влезен овде сум држел една програмска линија и таа ќе ја држам секогаш. Тоа е македонската линија господа. На некој што не им се ;;опаѓа тог е нивно право, тоа се нивни фрустрации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немате потреба да се правдате. На кого му се правдате, па тоа е политички противник, друг е тој.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас знам дека вие не можете да одолеете нас пратениците од позицијата, да им упаѓате, да не им давате да кажат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама затоа што

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Но, мислам ќе дојдете вие на дневен ред утре па ќе ве прашаме и вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така, убаво, убаво, така, правилно. А, вие поставете прашање или ставете забелешка. Се да биде, да има некој ред. Има збор господин Томислав Стојановски.

(од место бара збор г-дин Наќе Стојановски)

Ве молам, немојте, седете г-дине Стојановски, седете сега таму.

Молам, ја прекинувам седницата и утре продолжуваме со работа во 10,00 часот.

(седницата прекина со работа во 16,45 часот).